

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УСОГЛАСЕНОСТ НА
АД МЕПСО-СКОПЈЕ ВО ОДНОС НА ОБВРСКИТЕ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД
СОПСТВЕНИЧКОТО РАЗДВОЈУВАЊЕ
**ЗА 2025 ГОДИНА**

Јануари, 2026

© 2025 МЕПСО АД – Скопје

Освен ако не е поинаку наведено, овој Извештај и податоците дадени во него се сопственост на МЕПСО АД - Скопје. Податоците дадени во Извештајот претставуваат информации од јавен карактер и истите се од информативна природа и не може да се користат за други цели.

Извештајот е подготвен од **Саша Максимовски**,
Службеник за усогласеност на АД МЕПСО – sasa.maksimovski@mepso.com.mk.

Наодите, ставовите и заклучоците се ексклузивно право на авторот и не задолжително ги изразуваат ставовите на МЕПСО АД – Скопје.

Содржина:


**1 Основ за изработка на извештајот ..... 4**

1.1 Закон за енергетика ..... 5
1.2 Статут на АД МЕПСО ..... 5
1.3 Програма за усогласеност на АД МЕПСО – Скопје ..... 5
1.4 Правилник за работењето на Службеникот за усогласеност ..... 6
1.5 Именување на Службеник за усогласеност на АД МЕПСО ..... 6
1.6 Начин на следење на спроведувањето на Програмата и изработка на извештајот ..... 7
1.7 Методологија на изработка на Извештајот ..... 7

2 **Функционална независност на Операторот на електропреносниот систем ..... 8**

2.1 Начин на обезбедување на функционална независност на опеарторот на пазарот на електрична енергија ..... 8
2.2 Воспоставување на организирани пазар на електрична енергија ..... 9
2.3 Краток опис на организациската структура ..... 9
2.4 Позначајни активности и резултати ..... 10
2.5 Финансиски резултати од работењето ..... 11
2.6 Останати домашни и меѓународни активности ..... 12

**3 Примена на Програмата за усогласеност ..... 13**

3.1 Независност на Управен одбор и Надзорен одбор на АД МЕПСО – Скопје ..... 13
3.2 Следење на работата на Надзорниот одбор на АД МЕПСО - Скопје ..... 14
3.3 Овозможување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисници на електропреносниот систем од страна на АД МЕПСО Скопје ..... 15
3.3.1 Утврдување на принципи занедискриминација на корисниците на ЕПС ..... 16
3.3.2 Политика на интегритет ..... 16
3.4 Следење на работата на службата за приклучоци ..... 18
3.5 Координација и соработка со други оператори на електропреносни системи и учество во работата на регионални и меѓународни организации ..... 18
3.6 Следење на работата на Управниот Одбор ..... 22
3.7 Следење на реализација на капитални ивестиции ..... 24
3.8 Предизвици, состојби и мерки ..... 28
3.9 Соработка со Службата за оперативен контролинг и Оделението за план и анализа ..... 31

3.9.1 Соработка со службата за оперативен контролинг ..... 33
3.9.2 Соработка со Одделението за план и анализа ..... 33
3.10. Соработка со Службата за внатрешна ревизија ..... 35

**4 Начин на следење на Програмата за усогласеност со мерки за идно постапување ..... 37**

4.1 Едукација и обука на вработените од страна на Службеникот за усогласеност ..... 37
4.2 Комуникациски канали ..... 38
4.3 Оценки, наоди и препораки ..... 39

**5 Заклучоци ..... 41**

5.1 Спроведување на мерките со кои се спречува дискриминација и нетранспарентност ..... 42
5.2 Почитување на правилата за однесување од страна на вработените ..... 42
5.3 Начин на следење на Програмата и известување ..... 42

## 1 Основ за изработка на извештајот

Најпрво значајно е да се напомене дека во 2025 година се донесе нов Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025) со кој се уредија целите и начинот на спроведување на енергетската политика, а особено да обезбеди сигурно, стабилно и квалитетно снабдување со енергија, да ја зголеми употребата на обновливи извори на енерија и да го отвори пазарот на енергија во еден тренспаренетен и конкурентен процес.

Имајќи го во предвид претходно кажаното треба да се нагласи дека во 2025 година до месец мај беше во важност Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), а од 21.05.2025 година новиот Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025).

Имено и во новиот Закон за енергетика останаа одредбите за изработка и објавување на годишен Извештај за спроведување на програмата за усогласеност на АД МЕПСО (во понатамошниот текст-Извештај) е врз основа на одредбите од Законот за енергетика, Статутот на операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско Друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст-Статут на АД МЕПСО), Програмата за усогласеност на АД МЕПСО Скопје и Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на Службеникот за усогласеност (во понатамошниот текст – Правилник за работењето).

Во таа насока бидејќи овој Извештај е годишен и се однесува на цела 2025 година така што правниот основ се базира на одредбите на двата закони кои пак во делот на обврските во однос на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО, воопшто нема некои суштински разлики што значи дека има *континуитет* во двата закона, додека само се разликуваат членовите со кои се уредува обврската за изработка на Програма и Извештај и тоа:

- Член 73 и 74 Законот за енергетика енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22,134/24 и 147/24) и
- 135 и 136 од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025).

Имено, Извештај претставува краток преглед на активностите и работењето на Службеникот за усогласеност при АД МЕПСО во следењето на спроведувањето на Програмата за усогласеност на АД МЕПСО – Скопје (во понатамошниот текст – Програма за усогласеност). Од друга страна овој Документ претставува израз на посветеноста на АД МЕПСО – Скопје кон реализирање на своите активности на независен, транспарентен, недискриминаторен и објективен начин.

Во однос на содржината Извештајот за 2025 година ја задржува структурата од претходниот Извештај кој беше надополнет со делови кои од апликативен, но и од методолошки аспект е потребно да бидат составен дел на ваков тип на документ а се однесуваа на методологија на изработка на Извештајот, утврдување на принципи за недискриминација, индикатори за следење на динамика на реализација на капиталните инвестиции, политиката на интегритет и наоди и препораки со заклучоци за подобрување на процесите во АД МЕПСО.

Конечно Извештајот за 2025 година од аспект на правен основ е комплементарен како што беше кажано погоре и се базира на Законот за енергетика со важност до месец мај 2025 година (стариот закон) и од месец мај 2025 година новиот Закон за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025), така што Извештајот е прикажан интегрално како една целина за цела 2025 година.

1.1. Закон за енергетика

Како што беше и претходно кажано во 2025 година до месец мај беше во важност Законот за енергетика енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 236/22,134/24 и 147/24), а од 21.05.2025 година новиот Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025).

Имено, согласно Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 236/22,134/24 и 147/24), во членот 73 и Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025), во членот 135 го обврзува Операторот на електропреносниот систем, независно од организационата форма, да донесе Програма за усогласеност со која се утврдуваат мерките кои треба да придонесат да се оневозможи дискриминација на корисниците на електропреносниот систем, да се утврдат обврските на вработените во спроведувањето на Програмата и да се утврди начинот на следење на спроведувањето на истата.

И во двата закони за енергетика пропишано е назначување на Службеник за усогласеност, како лице одговорно за следење на спроведувањето на Програмата, членот 74 став 2 од Законот за енергетика енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 236/22,134/24 и 147/24) и членот 136 став 2 Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025).

Ставот 8 алинеја 1 од истите членови наведени погоре го обврзува Службеникот за усогласеност да го следи спроведувањето на Програмата и да подготвува Годишен извештај за превземените мерки за нејзино спроведување, кој го доставува до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија во понатамошниот текст на Извештајот се користи „Регулаторна Комисија за енергетика„ (РКЕ).

Ако се направи компаративна анализа на текстот на членовите (73 и 74 од стариот закон и 135 и 136 од новиот закон за енергетика) ќе се види дека и нема суштинска разлика, што охрабрува и укажува на тоа дека постои континуитет на работата на Службеникот за усогласеност, а со тоа и определбата на носителите на енергетските политики процесите кои се водат во АД МЕПСО да се спроведуваат на јавен и транспарентен начин заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем.

1.2. Статут на АД МЕПСО

Членот 35-а од Статутот на АД МЕПСО го пропишува именувањето на Службеникот за усогласеност од страна на Надзорниот Одбор, по претходна согласност од Регулаторна комисија за енергетика.

Согласно членот 35-г став 1 алинеја 1, Службеникот за усогласеност е должен да го следи спроведување-то на Програмата за усогласеност и да изработува Годишен извештај кој го доставува до Регулаторна комисија за енергетика.

1.3. Програма за усогласеност на АД МЕПСО – Скопје

Врз основа на член 73 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 236/22,134/24 и 147/24) кој е идентичен со член 135 од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025), а во согласност со член 19 од Статутот на АД МЕПСО - Скопје, Управниот одбор на АД МЕПСО, по одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, донесе Програма за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување. Во членот 5 став 2 алинеја 1 од Програмата за усогласеност е нотирана обврската на Службеникот за усогласеност за следење на спроведувањето на Програмата и изработка на годишен Извештај за нејзино спроведување, кој го доставува до Регулаторна комисија за енергетика.

Земајќи во предвид дека АД МЕПСО - Скопје достави барање за сертификација бр. 12-1619/1 од 22.09.2025 година согласно одредбите од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025) и Правилникот за сертификација, во која постапка е потребно да се усогласи и Програмата за усогласеност на АД МЕПСО - Скопје во однос на обврските од сопственичко раздвојување (Програма за усогласеност).

Во таа насока беше доставена Предлог - Програма за усогласеност, така што УО на АД МЕПСО – Скопје на 53-та седница одржана на ден 16.12.2025 година ја разгледа Предлог-Програмата за усогласеност и донесе одлука бр.02–7067/5 со обврска да се достави Програмата на одобрување до РКЕ во согласност со член 135 од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025).

На ден 18.12.2025 година со допис бр.12-7095 од 17.12.2025 година беше доставена Предлог-Програмата за усогласеност за разгледување и давање на забелешки и сугестии до РКЕ со цел за нејзино подобрување и одобрување по што ќе следи нејзино усвојување и разгледување од страна на УО и НО на АД МЕПСО – Скопје и ќе биде јавно објавена на веб страна на АД МЕПСО – Скопје.

Предлог-Програмата за усогласеност ја задржува стандардната форма во делот на усогласеност со регулативата, но е надополнета со поголем број на мерки кои треба да се преземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на ЕПС, обврските на вработените, начинот за следење особено во делот на спречување на корупција преку воспоставување на систем за следење стратешки, оперативни и *compliance* ризици. Така што преку Програмата се ЗАБРАНУВА секаков вид на коруптивно однесување и спроведува активности за постигнување на „0-та„ корупција во АД МЕПСО.

1.4. Правилник за работењето на Службеникот за усогласеност

Работењето, овластувањата, правата и обврските на Службеникот за усогласеност е уредено со Правилник во кој покрај останатото се уредува делокругот на работа, работни обврски и овластувања, правата и обврските во однос на едукација и обука на вработените, забрана за вршење на друга професионална дејност, слободен пристап на информации на Службеникот за усогласеност АД МЕПСО-Скопје.

Членот 8 став 1 од Правилникот ја пропишува обврската на Службеникот за усогласеност за доставување на годишни извештаи. Во ставот 3 од истиот член е дадена и листа на потребни информации кои треба да ги содржи Извештајот. Истотака, во член 6 од Правилникот е даден и делокругот на работењето на Службеникот за усогласеност.

1.5. Именување на Службеник за усогласеност на АД МЕПСО

Со Одлука на Надзорниот Одбор на АД МЕПСО бр.02-6481/2 од 02 Ноември 2023 година, а врз основа на спроведениот конкурс за именување на Службеник за усогласеност бр.04-6053 од 12.10.2023 година, за Службеник за усогласеност на АД МЕПСО се именува Саша Максимовски.

Согласно Членот 5 став 1 од Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на Службеникот за усогласеност, мандатот на Службеникот за усогласеност изнесува 5 (пет) години, со право на реизбор. Врз основа на Решението за одобрување на назначување за службеник за усогласеност на АД МЕПСО – Скопје од РЕК бр.02-2306/2 од 13.11.2023, НО донесе Одлука за усвојување на текстот на Договорот за обезбедување на услуги од службеник за усогласеност во АД МЕПСО бр.02-7005/4 од 23.11.2023 година со што Претседателот на НО потпиша Договор за обезбедување на услуги од службеник за усогласеност бр.04-7000 од 23.11.2023 година.

1.6. Начин на следење на спроведувањето на Програмата и изработка на извештајот

Службеникот за усогласеност ја следи реализацијата на Програмата и го подготвува годишниот Извештај од аспект на:

- независност, транспарентност, објективност и непристрасност во работењето на АД МЕПСО – Скопје;
- оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем по било кој основ;
- доверливост на деловните податоци на корисниците на електропреносниот систем;
- координација и соработка на АД МЕПСО - Скопје со други оператори на електроенергетски системи, размена на податоци со операторите на други електропреносни системи и учество во работата на регионални и меѓународни организации;
- едукација и информирање на Управниот одбор на АД МЕПСО - Скопје и Надзорниот одбор на АД МЕПСО - Скопје и вработените на АД МЕПСО - Скопје во врска со постапување во согласност со начелата за независност, танспарентност и непристраност.

Во функција на изработка на Извештајот, АД МЕПСО - Скопје е должен на Службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање, да му овозможи пристап до сите простории во кои ја врши својата дејност.

### *1.7. Методологија на изработка и структура на Извештајот*

Методологијата на изработка на Извештајот го претставува начинот и постапката на подготовка и изработка на Извештајот која се состои од 3 (три) фази и тоа:

- *Подготвителна фаза*, која опфаќа следење на сите активности, процеси и постапки при носење на одлуки од страна на УО и НО на АД МЕПСО, анализа на предложените и усвоените акти, односно подготвителната фаза е еден вид на истражувачка фаза каде се креира потребната база на податоци, информации за да се добијат релевантни влезни податоци за изработка на Извештајот. Во оваа фаза се собираат сите официјални Извештаи и Програми креирани од страна на Сектори, Подружници, Служби, Оддели и други организациски единици на АД МЕПСО, како и Извештаи од ревизии (внатрешни и надворешни) и други релевантни документи. Во подготвителната фаза се спроведуваат и разговори и интервијуа со носители на активности и процеси во функција на обезбедување на дополнителни мислења предлози и сугестии за подобрување на процесите. Имено, подготвителната фаза има голема важност, бидејќи квалитетот на влезните податоци е сушинско значење од кој зависи релевантноста на Извештајот. Оваа фаза трае за цело време што значи дека е континуирана цела година со интензитет како што се одвива динамика на работа на АД МЕПСО.
- *Прелиминарна фаза,* која опфаќа сублимирање на податоците од подготвителната фаза, нивна анализа и проверка при што се пристапува кон пишување на Извештајот како еден вид на нацрт или прелиминарен Извештај кој се комуницира со соодветни авторитети и менаџерски тимови со цел да се прочисти со содветни сугестии и надополнувања се во интерес на добивање на квалитетен Извештај.
- *Финална - верификациона фаза,* е фаза каде се утврдува конечниот текст на Извештајот и најдоцна до 31 јануари се доставува до РКЕВУ за одобрување, при што од страна на РКЕВУ се разгледува и се даваат соодветни сугестии кои се доставувват до Службеникот за усогласеност кој ги инкорпорира во финалната верзија на Извештајот и ја доставува за одобрување и верификација на Извештајот. По што следи информирање на УО и НО за наодите од Извештајот, клучните препораки и заклучоци кои имаат функција и цел за подобрување на процесите и ефикасноста во работењето и квалитетот на услугите кон корисниците на ЕПС.

Структурата на извештајот е во стандарден формат за ваков тип на документ и се состои од 5 (пет) посебни дела и тоа: (1) Правен основ за изработка на Извештајот, (2) Сопственичко раздвојување на операторот на електропреносниот систем, (3) Примена на Програмата за усогласеност, (4) Начин на следење на Програмата за усогласеност со мерки за идно постапување, (5) Заклучоци и клучни препораки.

Извештајот е документ од висок степен на важност кој ја отсликува состојбата во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичкото раздвојување работата на АД МЕПСО, како и од аспект на усогласеност со законската регулатива на постапките, процесите, активностите кој според позитивна законска регулатива ги спроведува АД МЕПСО.

## 2 Функционална независност на Операторот на електропреносниот систем

АД МЕПСО - Скопје е Друштво кое врши дејност пренос на електрична енергија и управува со електропреносниот систем во Република Северна Македонија. АД МЕПСО – Скопје е носител на лиценца за вршење на енергетска дејност пренос на електрична енергија, издадена со Одлука од 14 ноември 2005 година, изменета со Одлука од 21 март 2017 година и изменета со Одлука од 12 јули 2019 година, која е со рок на важност до 14 ноември 2040 година.

Врз основа на барањето за сертификација на операторот на системот за пренос на електрична енергија, доставено од АД МЕПСО до Регулаторна комисија за енергетика бр.12-2259/1 од 27.11.2018 година, Регулаторна комисија за енергетика донесе Одлука за сертификација и назначување на оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија бр.02-2851/1 од 15.08.2019 година.

Како што беше кажано претходно во 2025 година на важност стапи во сила Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025) во кој согласно членовите 173 и 308 став 3 по претходно спроведена постапка за пренос на сопственоста на акциите согласно членот 308 став 1 и став 2, АД МЕПСО до РКЕ поднесе барање за сертификација сертификација на друштвото како оператор на електропреносен систем заведено под бр. 12-1619/1 од 22.09.2025 година. Имено, врз основа на Одлуката за пренос на сопственичката структура на друштвото оператор на електропреносниот систем заведена под број 50-6306/18 од 24.-7.2025 година, а согласно членот 134 став (1) од од Законот за енергетика Службен весник на РСМ, бр. 101/25 се спроведе постапка за пренос на сопственоста на акциите на друштвото оператор на електропреносниот систем. При што се изврши пренос и запишување на акциите во Централен депозитар за хартии од вредност на Друштвото од претходниот сопственик Министерството за транспорт на новиот сопственик Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, рударството и минерални суровини со што стана сопственик на друштвото коешто е оператор на електропреносниот систем.

### *2.1. Начин на обезбедување на функционалана независност на операторот на пазарот на електрична енергија*

Согласност со член 115 став (2) од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25 и бр.135/2025), посебно се нагласува дека во случај кога операторот на пазарот на електрична енергија е во сопственост на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија ја обезбедува својата функционална независност од операторот на електропреносниот систем во поглед на правната форма, организацијата и одлучувањето.

Во таа насока во функција на исполнување на обврските за функционалана независност на операторот на електропреносниот систем согласно Законот за енергетика АД МЕПСО - Скопје како носител на лиценца за пренос на електрична енергија не може да има лиценци и да биде вклучен во вршење на дејностите производство, дистрибуција, трговија и снабдување со електрична енергија и не може да има лиценца за организирање и управување со пазарот на електрична енергија.

Имајќи го во предвид претходно кажаното, а во функција на обезбедување на независност и на операторот на пазарот на електрична енергија од страна на АД МЕПСО – Скопје е основан посебен правен субјект Македонски оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, кој е запишан во Централен Регистар на 8 октомври 2018.

Друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице, Национален оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ-Скопје, е основано согласно Член 88 од Законот за енергетика и од 25.09.2019 година е носител на лиценца за вршење енергетска дејност Организирање и управување на пазарот на електрична енергија согласно Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување на пазарот на електрична енергија од Регулаторната комисија за енергетика која се применува од 01.10.2019 година.

Согласно Одлуката за назначување на операторот на пазар на електрична енергија за оператор на организираниот пазар на електрична енергија донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 септември 2020 година, Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје е назначен да го воспостави и води организираниот пазар на електрична енергија на територија на Република Северна Македонија. За таа цел Регулаторната Комисија за енергетика на РСМ издаде нова Одлука за изменување на Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност организирање и управување на пазарот на електрична енергија со архивски број УП1 бр.12-15/19 од 31.10.2022 година.

### *2.2. Воспоставување на организирани пазар на електрична енергија*

Започнувајќи од 10.05.2023 година МЕМО ДООЕЛ Скопје го воспостави организираниот пазар на електрична енергија кој отпочна да работи во сегментот ден-однапред со што започна со работа т.н. берза на електрична енергија во Република Северна Македонија. Пазарот ден однапред работи во изолиран режим, односно испораката на истргуваната електрична енергија е во рамки на државата. Тргувањето на пазарот ден однапред е дефинирано во правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија и е доброволно, анонимно и достапно до сите учесници на пазарот на електрична енергија. Сите трансакции склучени на пазарот ден однапред се предмет на клиринг и финансиско порамнување од страна на МЕМО во својство на централно договорна страна. При трговија на организираниот пазар на електрична енергија сите учесници ја продаваат и ја купуваат електричната енергија од МЕМО. Пазарот ден однапред се одвива преку аукција која се организира еднаш дневно, 365 дена во годината. Согласно постоечката национална регулатива, финансиското порамнување на пазарот ден однапред се врши со домашната валута, односно во македонски денари.

### *2.3. Краток опис на организациската структура*

Согласно новиот Правилник за организација и систематизација на работните места во Национален оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје – Пречистен текст- со арх. бр. 01- 6751/1 од 23.05.2025 година, МЕМО ДООЕЛ Скопје претставува организациона целина составена од три оддели со соодветни служби и тимови кои се во функција на потребите за непречено, ефикасно и навремено одвивање на работите кои се делокруг на работа на МЕМО ДООЕЛ-Скопје, оформени се следниве функционални работни единици:

- **Оддел за правни, финансиски и општи работи**

*-Служба за правни работи и човечки ресурси*

*-Служба за финансиско-сметководствени работи*

*-Тим за ИТ поддршк и маркетинг*

- **Оддел за управување на пазарот на електрична енергија**

*-Служба за управување и планирање на пазарот на електрична енергија*

*-Служба за пресметка на тарифа и отстапувања*

- **<u>Оддел за обновливи извори на енергија и организиран пазар на електрична енергија</u>**
- Координација на проекти

*-Тим за надзор на организираниот пазар*
*-Тим за клиринг и порамнување*

- *Служба за пазарни операции на организиран пазар на електрична енергија*

*-Тим за пазар ден однапред и пазар во текот на денот*
*-Тим за аукции за гаранции на потекло*

- *Служба за обновливи извори на електрична енергија*

*-Тим за повластени производители на електрична енергија*
*-Тим за издавање на гарнции на потекло*

### *2.4. Позначајни активности*

Еден од поголемите предизвици на Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје во 2025 година беше издавањето на гаранции за потекло (ГП) и водење на регистарот, бидејќи тело издавач на ГП за територијата на Република Северна Македонија согласно Законот за енергетика и Уредбата за гаранции на потекло од страна на Владата на Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ, бр. 210 од 14.10.2024) е Операторот на пазар на електрична енергија – МЕМО ДООЕЛ Скопје. Така што МЕМО ДООЕЛ Скопје е издавач и претставува надлежен орган за администрирање на гаранциите за потекло, што вклучува нивно издавање, евидентирање на преносот, признавање, укинување или активирање, како и воспоставување и водење на Регистар за гаранции за потекло. Регистарот за ГП е база на податоци која содржи информации за сите корисници, како и за издадените, пренесените, укинатите или активираните гаранции. Управувањето со регистарот е во надлежност на МЕМО ДООЕЛ Скопје. Корисници на регистарот може да бидат производители на електрична енергија, снабдувачи и трговци. Во април 2025 година, МЕМО во соработка со Grexel – водечка европска компанија во оваа област, успешно го имплементира електронскиот систем за Регистарот за гаранции за потекло, согласно правилата на EECS и стандардите на AIB. На 26 мај 2025 година, МЕМО ДООЕЛ Скопје официјално ги издаде првите гаранции за потекло од обновливи извори на АД ЕСМ, за електрична енергија произведена од хидроенергетските капацитети. Така што од мај па до декември 2025 година МЕМО има издадени над 120.000 гаранции за потекло.

Воедно треба да се нагласи дека заклучно со 31.12.2025 година се ажурира Регистарот на Учесници на пазарот на електрична енергија кој е објавен на веб страната на опрераторот на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје, така што вкупниот број на учесници изнесува 101 од кои се дадени во табела 1.

***Табела 1. Типови на учесници на пазарот на електрична енергија***

| | **Тип на учесник** | **кратенка** | **Број на регистрирани УП** |
|---|---|---|---|
| 1 | ПРОИЗВОДИТЕЛ | **PEE** | 14 |
| 2 | ПРОИЗВОДИТЕЛ СО ПРЕМИУМ тарифа | **PEEP** | 0 |
| 3 | ВИРТУЕЛЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ | **VPEE** | 20 |
| 4 | КВАЛИФИКУВАН ПОТРОШУВАЧ | **EC** | 11 |
| 5 | ТРГОВЕЦ | **T** | 20 |
| 6 | ПРОИЗВОДИТЕЛ (со најголем инсталиран капацитет во РСМ) | **PEE/JU** | 1 |
| 7 | СНАБДУВАЧ | **S** | 27 |
| 8 | УНИВЕРЗАЛЕН СНАБДУВАЧ | **STP** | 1 |
| 9 | СНАБДУВАЧ ВО КРАЕН СЛУЧАЈ | **LRS** | 1 |
| 10 | ОПЕРАТОР НА ПРЕНОСЕН СИСТЕМ | **OEPS** | 1 |
| 11 | ОПЕРАТОР НА ДИСТРИБУТИВЕН СИСТЕМ | **ODS** | 2 |
| 12 | ОПЕРАТОР НА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | **OPEE** | 1 |
| 13 | ОПЕРАТОР НА ОРГАНИЗИРАН ПАЗАР НА ЕЛ. ЕН - МЕМО ДООЕЛ | **EXCH** | 1 |
| | **Вкупно учесници на пазарот на ЕЕ** | | **101** |

*Извор: Годишен преглед за работењето на МЕМО за 2025 година*

Исто така вредно е да се напомене дека како млад пазар на електрична енергија македонската берза на електрична енергија продолжува да расте и да се зацврстува, така што во 2025 година бележи раст од 40% во однос на претходната година при што на пазарот ден однапред во моментот има регистрирано вкупно 40 учесници.

### *2.5. Финансиски резултати од работењето*

Службеникот за усогласеност во текот на целата година го следеше воведувањето и спроведувањето на функционалната независност на двата субјекти. За таа цел Службеникот присуствуваше на состаноците на Управниот одбор во својство на Собир на содружници на МЕМО ДООЕЛ, при што во 2025 година се одржани 5 состаноци на УО во својство на содружници на МЕМО ДООЕЛ.

Управниот Одбор на АД МЕПСО во својство на Собир на содружници на МЕМО ДООЕЛ во 2025 година разгледуваше и донесе повеќе одлуки, имено:

- Управниот Одбор на АД МЕПСО во својство на Собир на содружници на МЕМО ДООЕЛ седницата одржана на 16.06.2025 година го разгледа и усвои Годишниот финансиски извештај на Националниот оператор на пазар на електрична енергија - МЕМО ДООЕЛ Скопје за 2024 година, заверен со арх.бр. 02-2346 на 22.04.2025 година.

Врз основа на Годишниот финансиски извештај вкупните приходи на МЕМО ДООЕЛ – Скопје за 2024 година изнесуваат 8.565.946.216,00 денари. Приходите за *регулираната* дејност за организирање и управување со пазарот на електрична енергија, врз основа на тарифата одобрена од Регулаторна комисија за енергетика, периодот 01.01.2024 – 31.12.2024 година изнесува 81.194.230,00 денари односно 0,95% од вкупните приходи. Приходите од *продажба* на електрична енергија од повластените производители изнесуваат 2.493.485.738,00 денари односно 29,11% од вкупните приходи. Приходите од *дебалансот* кои служат за исплата на повластените производители на електрична енергија изнесуваат 47.654.669.,00 денари односно 0,56% од вкупните приходи, додека *финансиските* приходи во 2024 година изнесуваат 1.624.596,00 денари.

Вкупните расходи изнесуваат 8.531.040.716,00 денари од кој оперативните расходи изнесуваат 83.398.032,00 денари, трошоците за набавка на електрична енергија од повластените производители, трошоците за дебаланс изнесуваат и трошоците за купување на електрична енергија од берза вкупно изнесуваат 2.540.357.615,00 денари (финансиска неутралност). Додека трошоците за амортизацијата на основните средства за 2024 година изнесува 7.140.672,00 денари, трошоците за купување на електрична енергија од берзата изнесуваат 5.900.144.397,00 денари (финансика неутралност), а финансиските расходи заземаат учество со износ од 57.565,00 денари.

Исто така Управниот Одбор на АД МЕПСО во својство на Собир на содружници на МЕМО ДООЕЛ на седницата одржана на 16.06.2025 година ги разгледа и усвои и следниве документи:

- Управниот Одбор на АД МЕПСО во својство на Собир на содружници на МЕМО ДООЕЛ ги разгледа и усвои Годишната сметка на МЕМО ДООЕЛ за претходната деловна година (доставено со арх.бр.05-1115/2 од 24.01.2025) како и Годишниот извештај за работењето на МЕМО ДООЕЛ за претходната деловна година (доставено со арх.бр.02-2346 од 22.04.2025).
- Управниот Одбор на АД МЕПСО во својство на Собир на содружници на МЕМО ДООЕЛ ја разгледа и усвои Одлуката за распределување на добивката по годишната сметка за 2024 година на МЕМО ДООЕЛ, заверена под арх.бр.02-2346 од 22.04.2025 година, и тоа со следната намена:

- Добивка пред оданочување 34.905.500,00 денари
- Данок на добивка 2.985.512,00 денари
- **Добивка по оданочување 31.919.988,00 денари**
- Задолжителна општа резерва 5% од нето добивката 1.595.999 денари
- Реинвестирање на добивка 30.323.989 денари

- Управниот Одбор на АД МЕПСО во својство на Собир на содружници на МЕМО ДООЕЛ ја разгледа и усвои Одлуката за одобрување на План и Програма за работа за 2026 година на МЕМО ДООЕЛ, заверена под арх.бр.02-67327 од 01.12.2025 година.

МЕМО ДООЕЛ Скопје, согласно Правилникот за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување на пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија на 30.09.2025 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана просечна тарифа за вршење на регулирана енергетска дејност организирање и управување со пазарот на електрична енергија за регулиран период 2026 година заведено под бр.10-13267/2, со кое бараше одредување на износ на регулирана просечна тарифа од 0,0146 ден./kWh. По разгледување на барањето од страна на РКЕ беше донесена Одлука за одобрување на регулиран максимален приход и регулирана тарифа во износ од 0,0141 ден./kWh.

### *2.6. Останати домашни и меѓународни активности*

За МЕМО ДООЕЛ Скопје како оператор на организираниот пазар на електрична енергија важно е да се напоменат и следниве активности:

- МЕМО ДООЕЛ Скопје е активен член на проектот за успешно спојување на организираниот пазар на ЕЕ со пазарот на електрична енергија помеѓу GR-MK-AL-HK Connect for Growth, проект кој се реализира по иницијатива на USAID, а се вклучени РКЕВУ, Владата на РСМ и Energy Community, и
- МЕМО ДООЕЛ Скопје е активен член во формираната работна група од страна на Енергетската заедница JET EnC – Joint expert team EnC која има задача да го води процесот на интегрирање на пазарите ден-однапред од западен Балкан со Европските пазари ден-однапред.
- МЕМО ДООЕЛ Скопје е активен член на здружението EUROPEX каде активно учествува на состаноци на работните групи на здружението каде се разменуваат искуства и стекнуваат знаења со цел за надминување на предизвиците со кои се соочуваат операторите на пазарите на елекетрична енергија во европските земји.

Учество на меѓународни настани со цел за размена на искуства, промоција на македонскиот пазар на електрична енергија и вмрежување како што се:

- 30. Атински форум за електрична енергија,
- ETCSEE 2025 во Австрија,
- Форумот за интеграција – EMIF 2025 во Европскиот парламент – Брисел,
- Годишната конференција на европското здружение на берзи на електрична енергија EUROPEX, и
- 20 годишнината на Секретаријатот на енергетската заедница во Атина.

# 3 Примена на Програмата за усогласеност

Основна цел на Програмата за усогласеност е да воспостави формална рамка која ќе обезбеди сите активности кои ги спроведува Операторот за пренос на електрична енергија како и однесувањето на сите вработени или лица ангажирани од страна на операторот, да бидат во согласност со начелата на транспарентност, недискриминација, независност и објективност.

Со програмата се дефинираат мерки кои треба да се превземаат заради оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем по било кој основ, се дефинираат обврските на вработените во реализацијата на Програмата и се утврдува начинот за следење на усогласеноста на работењето на Операторот на електропреносниот систем со обврските утврдени со Законот за енергетика и Програмата за усогласеност.

Програма пред се треба да обезбеди транспарентно и објективно постапување на АД МЕПСО - Скопје кон корисниците на електропреносниот систем, целосно почитување на законската регулатива и стандарди, воспоставување и одржување етички култури и интегритет во работењето, превенција и управување со ризици поврзани со корупција, судир на интереси, злоупотреба на ресурси и други прекршувања, како и заштита на репутацијата на АД МЕПСО - Скопје и довербата на клиентите, вработените и партнерите.

3.1. Независност на Управен одбор и Надзорен одбор на АД МЕПСО – Скопје

Независноста во работењето на Управниот и Надзорниот одбор на АД МЕПСО произлегуваат пред сé од структурната поставеност и сопственичкото раздвојување во однос на претходниот вертикално интегриран електроенергетски систем.

Во член 133 став 2 од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25), е утврдено дека, за да се обезбеди независност на операторот на електропреносниот систем, исто лице или лица немаат право во исто време:

- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со друш-тво што врши дејности производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во операторот на електропреносниот систем;
- директно или индиректно да учествуваат во управувањето и раководењето со опера-торот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управу-ваат или остваруваат друго право во друштво што врши дејности производство, склади-рање, снабдување или трговија со електрична енергија;
- да именуваат членови на орган на надзор и на орган на управување на операторот на електропреносниот систем и во исто време директно или индиректно да управуваат или остваруваат друго право во друштво што врши дејности производство, складирање, снаб-дување или трговија со електрична енергија и
- да биде член на орган на надзор, на орган на управување или на некое од телата кои законски го застапуваат операторот на електропреносниот систем и во исто време да биде член на соодветен орган или тело во друштво што врши дејности производство, склади-рање, снабдување или трговија со електрична енергија.

Горенаведените ограничувања особено се однесуваат на користење на право на глас, избор и именување на членови на Управен одбор и Надзорен одбор на АД МЕПСО - Скопје или поседување на мнозински удел.

Согласно член 134 став 1 од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ, бр. 101/25), Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, рударството и минерални суровини (МЕРМС) е сопственик на друштвото коешто е оператор на електропреносниот систем.

МЕРМС е самостојно при донесување на одлуки за избор на орган на надзор, односно орган на управување на друштвото, а со цел да се обезбеди независност во работењето на друштвото членовите на Управен и Надзорен одбор на АД МЕПСО-Скопје:

- се самостојни во постапка за донесување на одлуки согласно закон и

- не смеат да бидат избрани за членови на орган на надзор, односно на орган на упра-вување на друштва кои вршат производство, складирање, снабдување или трговија со електрична енергија или друштва кои имаат можност за директно или индиректно влијание врз одлучувањето во тие друштва.

Заради спроведување на одредбите од Законот во однос на независноста на работењето на Управниот и Надзорниот Одбор, Службеникот за усогласеност во рамките на своите овластувања утврдени во Законот за енергетика, Статутот на АД МЕПСО и Правилникот за работењето, во текот на 2025 година континуирано ги следеше деловните активности на Надзорниот и Управниот Одбор на АД МЕПСО заради процена и утврдување на нивната независност при постапувањето, како и заради процена на ризикот од евентуална неусогласеност на нивните активности со важечките законски и подзаконски прописи.

Во таа насока Службеникот за усогласеност има согледано одредени слабости и некоординираност на службите во делот на следење и усогласување со законски и подзаконски прописи.Со цел за воспоставување на систем за усогласување со законски и подзаконски прописи на иницијатива и координација на Службеникот за усогласеност се изработи и усвои Правилник за постапка за следење, мапирање и усогласување со регулаторни барања во работењето на АД МЕПСО УО бр.02-6169/13-1 од 07.11.2025 година. Имено со Правилникот се уредува начинот, постапката, одговорностите и роковите за следење, мапирање и усогласување со регулаторни барања и законски и подзаконски акти што се однесуваат на работењето на АД МЕПСО, додека намената е навремено препознавање и имплементација на обврски кои произлегуваат од нови или изменети регулативи, обезбедување правна усогласеност и институционална транспарентност. На овој начин се воспостави еден целосен систем на мапирањето на регулативата што претставува процес на идентификација, категоризација, известување и редовно ажурирање на релевантни закони, подзаконски акти, регулативи и упатства кои се во делокругот на работењето или имаат влијание врз работењето на АД МЕПСО.

3.2. Следење на работата на Надзорниот Одбор на АД МЕПСО

Во рамките на следењето на работата на Надзорниот одбор на АД МЕПСО, Службеникот за усогласеност редовно учествуваше во неговата работа со давање на потребните информации на барање на членовите на НО, како и со свое учество во носењето на одлуките преку свои забелешки и сугестии.

Истотака, во текот на извештајниот период, од страна на Службеникот за усогласеност не е доставен официјален извештај до Надзорниот Одбор по основ на констатирани неправилности во спроведувањето на Програмата за усогласеност. Имено, согласно утврдената практика, Службеникот за усогласеност активно учествуваше во работата на сите седници на Надзорниот Одбор и сите забелешки и насоки во однос на работата на Управниот Одбор ги презентираше пред членовите на Надзорниот Одбор.

Вкупниот број на членови на НО на АД МЕПСО е 7 члена, сепак во текот на 2025 година работеше со 6 члена, а поради давање на оставка на Агрон Рустеми, НО работеше со 5 члена, така што НО континуирано работеше во следниот состав: Претседател проф.Д-р Јован Лазарев, Елизабета Гиовска, Зоран Тодоровски, Звонко Бошков, проф.Д-р Симона Домазетовска Марковска, така што на секоја седница имаше кворум за работа и сите одлуки беа изгласани едногласно.

Сепак како Службеник за Усогласеност го следам работењето на НО и УО во делот на усогласеност со регулатива така што од правен аспект треба да се има во предвид дека согласно Статутот на АД МЕПСО, Одлуките на Надзорниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови на Надзорниот одбор, што значи дека сите донесени Одлики од правен аспект се полноважни, но сепак од квалитативен аспект добро е во најбрз рок НО да се комплетира и да работи со 7 (седум) члена.

Во 2025 година во НО се направија кадровски промени така што на 18-тата седница на НО на АД МЕПСО одржана на 21.11.2025 година, НО донесе Одлука бр.02-6425/1-1 со која членот на УО и Директор на Секторот за правни и општи работи Мартин Малиновски се ОТПОВИКУВА, а на истата седница НО донесе Одлука бр.02-6425/1-2 со која за член на УО и Директор на Секторот за правни и општи работи се ИЗБРА Ибрахими Ибраими.

Во текот на 2025 година Надзорниот одбор има одржано 14 седници на кој се разгледани и усвоени повеќе извештаи и програми за кои се донесени соодветни Одлуки. Генерално не се констатирани одредени неправилности во работењето на НО, ниту една одлука на Управниот Одбор не е оспорена.

Едена од позначајните улоги и надлежности, а со тоа и одговорнмости на НО е одобрувањето на финансиските извешти за работење на АД МЕПСО, така што со Одлука бр.02-1955/3 од 02.04.2025 година го одобри консолидираниот финансиски извештај кој претходно беше усвоен од УО бр.02-1782/2 од 24.04.2025 година, како и одобрувањата на финансиските извештаи од независните ревизори исто така се врши од страна на НО што беше одобрен со Одлука бр.02-3654/4 од 23.06.2025 година кои извештаи претходно беа усвоени од УО бр.02-3575/1 од 13.06.2025 година. Воедно од сите членови на НО, а особено од Претседателот на НО се дава насоки за перманентна мобилност и следење на работата на секторите, подружниците, службите и оделите од страна на Службата за внатрешна ревизија со единствена цел електропреносниот систем да биде целосно функционален во вршење на дејноста за да се обебзеди клаитетен пренос на елекрична енергија за корисниците на електропреносниот систем. Од ваквите заложби на НО произлегоа и ревизорски извештаи особено, а особено важен е ревизорскиот извештај на усогласеност и успешност во работењето, во планирањето и извршување на капитални инвестиции во АД МЕПСО бр.12-4764/1 од 19.08.2025 година со Акциски план.

Службеникот за усогласеност редовно присуствуваше на седниците на НО и може одговорно да потврди и констатира дека членовите на НО работат посветено, одговорно и транспарентно нагласувајќи ја потребата од целосна реализација на програмите и исполнување на програмските цели.

3.3. Овозможување на транспарентен, објективен и недискриминаторен однос кон корисници на електропреносниот систем од страна на АД МЕПСО Скопје

Во текот на 2025 година АД МЕПСО како енергетска компанија активно учествуваше во процесот на подготовка Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026 -2030 година, со акционен план за нејзино спроведување, врз основа на претходно изготвена анализа на ризиците од корупција. Поради важноста и значењето на оваа Стратегија и обврските кои ќе произлезат од акцискиот план, како претставник од АД МЕПСО беше Служебеникот за усогласеност Саша Максимовски кој проактивно учествуваше на работилниците одржани во ДКСК.

До конечна изработка на акциониот план од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026 -2030 година, во која ќе има акции кои ќе треба да се спроведат од страна ан АД МЕПСО, но сепак останува обврската на АД МЕПСО за почитување на *принципите за недискриминација на корисниците на ЕПС и спроведување на Политикатана интегритет* со која се бара нулта толернација во однос на корупцијата, АД МЕПСО се обврзува да воспостави систем за заштита од мито, корупција и оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем, а 3 (трите) принципи врз кој ќе се воспостави овој систем се: (1) Еднаквост, (2) Транспарентност и (3) Партнерство, кои се дадени во продолжение.

*3.3.1. Утврдување на принципи за недискриминација на корисниците на ЕПС*

Во рамките на своите надлежности и законски обврски, АД МЕПСО е должен во своето работење да постапува во согласност со Законот за енергетика на начин што ќе обезбеди транспарентност, објективност и недискриминаторски пристап кон сите корисници на електропреносниот систем, преку следните активности и процеси: Планирање и развој на електропреносната мрежа преку изградба на нови и надградба на постојани интерконективни водови, транспарентност во набавката на електрична енергија за покривање на сопствените загуби, набавка на системски услуги за балансирање и други активности и процеси.

Основните начела со кој се обезбедува недискриминација на корисниците на ЕПС се: транспарентност, објективност и отчетност во работењето на АД МЕПСО што ја прави одговорна компанијата кои го имаат следното значење:

- Транспарентно работење значи висок степен на јавно и одговорно работење на АД МЕПСО како целина, НО, УО, менаџмент и сите вработени,
- Отчетност подразбира дека АД МЕПСО ќе дава извештај за својата работа и постигнувања пред институциите, корисниците на ЕПС и граѓаните,

(*) **Транспареност + Отчетност = Одговорност**

Имено, транспарентноста претпоставува јавност и видливост на акциите, мерките, цените на услугите и ефектите од работата на АД МЕПСО што како збир* со отчетноста ја зоздава одговорноста на работењето на АД МЕПСО.

Во таа насока како наоди за 2025 година во процесите почнувајќи од регистрација на учесниците за учество на аукцијата, објавата на слободниот прекуграничен капацитет, дозволување или ограничување на учеството на компаниите согласно наплатата, спроведувањето на аукцијата, доделувањето на слободниот прекуграничен капацитетот, објавување на резултатите, фактурирањето и следењето на наплатата, опомена за ненаплатениот капацитет, па се до одземање на ненаплатениот капацитет и негово понудување на следната аукција, АД МЕПСО го води и спроведува *целосно* во согласност Правилата и Договорите склучени со соседниот систем оператор, како и со сите компании кои се регистрирани и имаат право да учествуваат на аукциите на прекугранични преносни капацитети.

Што се однесува до евентуалните отворени прашања во однос на номинациите, од страна на Подружницата Оператор на Преносната мрежа добиени се информации дека во 2025 година не е регистрирано ниту едно одбивање на физички трансакции на учесници на пазарот на електрична енергија.

Во 2025 година АД МЕПСО нема барања односно отворени предмети од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија.

***3.3.2. Политика на интегритет***

Значењето и важноста на политиката на интегритет на АД МЕПСО се базира пред се на потребата да се обезбеди транспарентност во работењето и недискриминација на корисниците на електропреносиот систем.

Имено, под „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на АД МЕПСО, како и сите вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на корисниците на ЕПС, институциите и граѓаните во вршењето на своите активности и дејности.

АД МЕПСО – Скопје, како Друштво кое врши дејност пренос на електрична енергија и управува со електропреносниот систем во Република Северна Македонија, поаѓајќи од заложбите за обезебедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста, заштитата на човековите права и слободи, како и оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем, АД МЕПСО во државна сопственост на предлог и иницијатива на Службеникот за усогласеност, го усвои документот *ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ*, линк: https://www.mepso.com.mk/docs/Politika_na_integritet.

Целта на овој документ е да се утврдат обврските и должностите на сите вработени во АД МЕПСО со цел да се обезбеди поголема видливост и зајакне довербата од страна на граѓаните, здруженијата и бизнис заедницата при спроведување на правата и обврските на АД МЕПСО како општествено одговорна компанија во согласност со позитивните законски прописи, пред се почитувајќи го јавниот интерес.

Сепак како најважен резултат кој се очекува со спроведување на активностите и мерките од Политиката на интегритет е да се постигне ``0`` корупција во АД МЕПСО прикажана на сликата во продолжение.

***Слика 1. Приказ на активности за ``0`` корупција во АД МЕПСО***




*Извор: Програма за едукација Модул 3, Службеник за усогласеност, 2025*

Во функција на остварување политиката на интегритет со која се бара нулта толернација во однос на корупцијата, АД МЕПСО се обврзува да воспостави систем за заштита од мито, корупција и оневозможување на дискриминација на корисниците на електропреносниот систем, а 3 (трите) принципи врз кој ќе се воспостави овој систем се: (1) Еднаквост, (2) Транспарентност и (3) Партнерство.

За остварување на целите, политиката на интегритет на АД МЕПСО препознава 3 (три) сегменти кои се носечки во нејзината имплементација и тоа:

(1) Воведување на стандарди за воспоставување на систем на интегритет,

(2) Комплементарност, спроведување и поддршка на системот за интегритет и

(3) Индикатори за следење и известување за успешноста на системот за интегритет.

Овие три сегменти се носители на политиката на интегритет на АД МЕПСО и во зависност од квалитетот на нивна имплементација ќе зависи и успешноста и постигнувањата на поставените цели.

Комплементарноста на системот за интегритет се базира на опфат на надополнувачки процеси со цел да овозможи ефикасност и ефективност на системот. АД МЕПСО е посветен на градење на капацитетите и поддршка на сите службени лица во процесот на исполнување на обврските кои произлегуваат од стандардите за интегритет во насока на законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работните задачи, со што се очекува:

- Намалување на корупцијата на ниво на ``0``–та корупција во сите организациони единици,
- Зголемување на транспарентноста во работењето и силни комуникациски линкови за надворешната и внатрешната комуникација на сите нивоа,
- Зголемување на ефикасноста и функционалноста во работењето со целосно интегрирање на процесите дефинирани во стандардите при работењето,
- Обезбедување на недискриминаторски пристап на корисниците на ЕПС,
- Обезбедување на квалитетно и навремено планирање на програми, развојни проекти, следење на реализација на програми,
- Креирање на позитивна атмосфера, амбиент за работа, доверба и синергија меѓу вработените во АД МЕПСО.

Воедно со политиката на интегритет сите вработени во АД МЕПСО се обврзуваат дека во своето работење ќе му дадат приоритет на јавниот во однос на приватниот интерес и дека се поттикнува и развива организациска култура која нема да толерира и цврсто се спротиставува на судирот на интереси во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување.

Во 2025 година се постигна одреден напредок во делот на обврските кои произлегуваат од Политиката на интегритет, така што се работеше на истражување и формирање на база на податоци за изработка на:
- МАПА НА РИЗИЦИ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА РАБОТНИ МЕСТА ПОДЛЕЖНИ НА МОЖНА КОРУПЦИЈА И ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ИНТЕГРИТЕТОТ ВО АД МЕПСО, и
- РЕГИСТАР НА РИЗИЦИ ПО ИНТЕГРИТЕТ И КОРУПЦИЈА ВО АД МЕПСО.

Овие два документа се неопходи со цел да се обебзедат услови за да се воспостави систем за спречување на можна корупција и заштита на интегритетот на АД МЕПСО.
Сепак, како што беше претходно наведено врз основа на обврските кои ќе произлезат од акциониот план од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2026 -2030 година, АД МЕПСО ќе постапува и спроведува акции согласно Стратегијата.

3.4. Следење на работата на службата за приклучоци

Имајќи ја во предвид обврската за обезбедување на транспарентност, објективност и недискриминаторски пристап кон сите корисници на електропреносниот систем, а согласно член 99 од Законот за енергетика, Операторот на електропреносниот систем е должен во согласност со прописите и правилата донесени согласно овој закон да ги приклучи на електропреносната мрежа потрошувачите, производителите и операторите на складишта на електрична енергија.

Со цел за исполнување на претходно наведената законска обврска во АД МЕПСО работи посебна Службата за приклучоци во рамките на Одделот за развој и инвестиции со вкупно 5 (пет) електро инженери кои ги спроведуваат оактивностите и постапките за приклучок на ЕПС.

Имено, основна задача на Службата за приклучоци е координирање, спроведување и целосно следење на постапката за приклучување на електропреносната мрежа како законска обврска согласно Законот за енергетика и Мрежните правила за пренос на електрична енергија кои не смеат да содржат дискриминаторни одредби во однос на правата на корисниците на мрежата.

Имајќи во предвид дека за потребите на Годишниот план за изградба на енергетски објекти по барање на МЕРМС, операторот на електропреносниот систем, односно Службата за приклучоци во соработка со операторот на електродистрибутивниот систем е должен во рок не подолг од 60 дена од денот на доставувањето на барањето, да изработи и достави интегрална студија.

Студија е еден од поважните документи, бидејќи содржи мрежни и пазарни анализи со кои се проверува можноста за интеграција на енергетски објекти од аспект на текови на моќност, преоптовареност на водови и напонска состојба на мрежата за режими на работа во кои сите елементи се во погон како и за режими на единечни испади, како и висината на минималната и максималната струја на куса врска за потребите на инвеститорите.

Имајќи го во предвид претходно кажаното многу е јасно дека Службата за приклучоци има многу важна задача и улога во процесот на интеграција на енергетски објекти, односно приклучување на ЕПС.

Во однос на активности за 2025 година може да се каже дека Службата за приклучоци работеше со намамален обем што се должи пред се на обврските кои се утврдени во новиот Закон за енергетика. Имено во очекување е известување од Министерство за енергетика и минерални суровини за баратели влезени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година, како и насоки за следни чекори.

Сепак до мај 2025 година во сила на примена беше стариот Закон за енергетика , така што врз основа на веќе започнатите пстапки во 2025 година се спроведоа следнитѕе активности:

- ИЗМЕНА НА ПОСТОЕН ПРИКЛУЧОК
  - Нема активности во делот на измена на постоен приклучок

- ПОТРОШУВАЧИ НА ПРЕНОСНА МРЕЖА
  - Приклучок на Синцеритас – Примено е барање за приклучување на потрошувач на преносна мрежа и изработени се варијанти за приклучување.

- ДИСТРИБУТИВНИ ПОТРОШУВАЧИ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА МРЕЖА

Во однос на приклучување на дистрибутивни потрошувачи на преносна мрежа, изработени се анализи за ТС Неготино и ТС Ресен кои не се прифатени од страна на операторот на дистрибутивниот систем.

Исто така извршено е утвртување на постоечка состојба и изработено е РЕШЕНИЕ ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ПРИКЛУЧУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА ВО ТС 110/35/10 kV ПРОБИШТИП и истото е ажурирано по барање на операторот на ОДС.

Согласно Законот за енергетика, член 101 став 10, по усвојување на Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025година или негово ажурирање, операторот на електропреносниот систем во рок не подолг 30 дена, на операторот на дистрибутивниот систем му издава согласност за приклучување за објекти со Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

- СКЛАДИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Согласно законот за енергетика, се чека известување од Министерство за енергетика и минерални суровини за баратели влезени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025година како и насоки за следни чекори.

- КЛАСИЧНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Согласно законот за енергетика, се чека известување од Министерство за енергетика и минерални суровини за баратели влезени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025година како и насоки за следни чекори.

- ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА (ОИЕ)

Согласно законот за енергетика, во табелата се прикажани предметите кои се влезени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година и имаат овластување за градба и нивниот статус.

Табела 2. Статус на предмети за приклучок на енергетски објекти од ОИЕ за 2025 година

| Вид на ОИЕ | Инвеститор | Статус на решение |
|---|---|---|
| 1. ВЕЦ Штип | Инвалл МАК ДООЕЛ | Издадено решение за согласност за приклучување на преносна мрежа |
| 2. ФЕЦ ИГМ ТРЕЈД Кровна | ИГМ ТРЕЈД | Во тек е примопредавање на приклучок |
| 3. ФЕЦ Битола 1 | ЕСМ | Треба да се започне со изработка на студија за приклучување |
| 4. ФЕЦ Сушево 1 | Сушево 1 ДОО | Треба да се започне со изработка на Студија за приклучување |
| 5. ФЕЦ Сушево 2 | М Енерџи Гроуп Ник Скопје | Треба да се започне со изработка на Студија за приклучување |
| 6. ФЕЦ Долани | БИГ Енерџи Солутионс | Во тек е изработка на Студија за приклучување |

- Приклучоци во завршна фаза
- Приклучокот на ВЕЦ Демир Капија (Дрен) и ВЕЦ Дрен 2 (втора фаза) – Оформена е работна група за отпочнување на тест за усогласеност за приклучување на преносна мрежа. Се чекаат погодни услови за отпочнување со тестирањето.
- ФЕЦ ОКТА - Измена на постоен приклучок на директен потрошувач ОКТА на преносна мрежа – Реконструкција на ТС Рафинерија
- **Активности согласно нови барања за приклучување на преносна мрежа**
- **Одржани состаноци за приклучоци**

✓ Одржани состаноци/комуникации со домашни, странски и стратешки инвеститори (корисници),
✓ Одржани се координативни состаноци во МЕПСО во врска со постапката за приклучување во новиот Закон за енергетика,
✓ Одржан е состанок за начин на изработка на Анализи за приклучоци на преносна мрежа,
✓ Одржан е состанок со претставници од МЕРМС во врска со статусот на предмети и превземање на следни чекори,
✓ Одржани состаноци со ЕСМ на тема: Развојни Проекти на ЕСМ,
✓ Одржан е состанок во РКЕ на тема: Регулирање на приклучоците на идните фотоволтаични електрани на АД ЕСМ и привремен повластен статус за ветерната електроцентрала Богданци,
✓ Побарани се информации во врска со моманталната ситуација на приклучени производители на преносна мрежа од страна на МЕРМС за изработка на студија за интеграција и истите беа доставени(согласно член 99 став 4) се чекаат следни насоки,
✓ Добиен е допис од МЕРМС за предмети кои имаат добиено овластување за градба. Испратено е известување до МЕРМС за започнување на изработка на Студија за приклучување за тие предметите.(член 100 став 3), и
✓ Оформени се работни групи во соработка со ЕВН за реализација на заеднички енергетски проекти помеѓу АД МЕПСО и ЕВН Македонија.

- **Информација и извештаи за приклучоци**
  - Изготвен и испратен статус на предмети од РКЕ:
    - Приклучоци со издадено Решение за согласност за приклучување на преносна мрежа,
    - Приклучоци со изработена Студија за приклучување,

- Приклучоци со Прелиминарна согласност за приклучување.

- Барање на податоци за остварени приходи добиени во постапка за приклучување на електропреносната мрежа и информации за 110 kV трафостаници, одговор на допис арх. бр. 02-4212/1 од 01.08.2025,
- Испратени до раководител на ОРИ квартални извештаи за 2025,
- Побарани и доставени до раководителот на ОРИ податоци за приклучоците на ОИЕ.
- Доставени се информации до РКЕ во врска со спорот со инвеститорот СКАЈ СОЛАР (ФЕЦ Пробиштип 1).

○ **Останати активности на Служба за приклучоци**

- Формирана е работна група за изработка на Мрежни правила со арх. бр. 02-4035/1 од 24.07.2025,
- Решение за измена и дополна на работната група 02-4035/4 од 07.08.2025,
- Оформени се работни групи за примопредавање на Приклучоци на преносна мрежа,
- Учество во изработка на Развоен план на преносна мрежа 2025 – 2035
- Увид и надзор на градба на ТС Рафинерија – ОКТА,
- Учество во изработка на Колаудациони извештаи за ФЕЦ Новаци, ФЕЦ Осломеј 3а, ФЕЦ Осломеј 3б, ВЕЦ Богданци, ВЕЦ Богословец, Кранфилд, ТС Бунарџук

○ **Присуство на работилници, советувања и други состаноци**

- Посета на саемот ЕНЕРГО ТЕХНОМА 2025 во Скопје.
- Присуство на конференција на Мако Сигре.
- Присуство на презентација на Планот на развој на Електродистрибуција за период 2025-2029 година.
- Присуство на Siemens Innovation Day, Skopje, Macedonia

- Пристигната е информација од CNC за пополнување на барањата од ACER за 2025 година кои се наоѓаат на Implementation Monitoring Platform(IMP) и истите се доставени.
- Избран е член за CNC Active Library на ENTSO/E

3.5 Координација и соработка со други оператори на електропреносни системи и учество во работата на регионални и меѓународни организации

Во рамките на своите надлежности, согласно точка 4, став 1 алинеја 4 од Програмата за усогласеност, Службеникот за усогласеност ги следеше и редовно беше информиран за активностите во насока на координација и соработка на АД МЕПСО - Скопје со другите оператори како и учество во работата на регионалните и меѓународни организации.

Своите активности во меѓународни организации и здруженија АД МЕПСО – Скопје ги реализира преку активното учество во работните и регионалните групи како и во комитетите на ENTSO-E, Европската Енергетска Заедница, CMM контролниот блок и др.

Вработените во Одделот за управување со ЕЕС, активно учествуваат во повеќе работни групи од меѓународен карактер. Работата во овој Оддел тесно е поврзана со користење на европската регулатива, членството во ENTSO-E и соседните Систем Оператори.

Дел од состаноците се реализирани со директно присуство, а дел од нив се одржани online.

ENTSO-E, Европската мрежа на Преносните Систем Оператори, е составена од 42 Систем Оператори за пренос на електрична енергија (ТСО) од 35 земји од цела Европа. Членовите на ENTSO-E имаат за цел воспоставување на либерализиран пазар на енергија и обезбедување на негово оптимално функционирање и интеграција на обновливи извори на енергија во енергетскиот систем на Европа.

Работата на ENTSO-E е организирана во четири комитети, кои се состојат од повеќе работни и регионални групи во кои членуваат вработените од Одделот за управување со ЕЕС:

1. Комитет за управување на системот (System Operations Committee)
2. Комитет за пазарните функции на системот (Market Committee)
3. Комитет за развој на системот (System Development Committee)
4. Комитет за истражување и иновации (Research Development & Innovation Committee)

ENTSO-E е посветена да развие најсоодветни методологии во врска со развојот електроенергетскиот систем, истовремено одржувајќи ја безбедноста на снабдувањето. Иновациите, пристапот заснован на пазарот, фокусот врз клиентите, фокусот на засегнатите страни, безбедноста на снабдувањето, флексибилноста и регионалната соработка се клучни за агендата на ENTSO-E.

3.6. Следење на работата на Управниот Одбор

Во согласност со своите права и обврски во насока на следење на реализацијата на сите процеси, Службеникот за усогласеност преку секојдневно следење на работењето на сите структури на Компанијата, спроведува анализа на актите и документите кои беа носени од Управниот одбор, активно вклучувајќи се во нивното носење со свои сугестии и забелешки. Констатирано е дека при носењето на сите акти и документи е почитувано начелото на транспарентност и независност во нивното носење и притоа не се констатирани значителни отстапувања во спроведувањето на Програмата за усогласеност. Имајќи во предвид дека согласно утврдената практика во соработката со Управниот Одбор, Службеникот за усогласеност присуствуваше на најголем дел од седниците на Управниот Одбор, при што дел од дадените забелешки и насоки во однос на работењето, како и мерки за идно постапување се разгледувани и вклопувани во конечните документи и одлуки донесени од страна на УО.

Во текот на 2025 година се одржани 42 седници на Управниот одбор, а се одржаа и 4 Собири на содружници на МЕМО ДООЕЛ Скопје.
Генерално Службеникот за усогласеност беше информиран за дневниот ред на седниците и присуствуваше на сите седници на кој беше повикуван и даваше активен придонес во работењето во делот на своите надлежности. Може да се констатира дека сите тие седници се спроведени и водени во согласност со процедурите и дека не се забележани неправилности во работењето во однос на независноста во работењето и одлучувањето, при што се разгледувани и одобрувани документи и одлуки важни за работењето на Друштвото, а како позначајни се издвојуваат следните финансиски документи:

- Усвоен е Годишниот финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2024 година со Одлука бр.02-1551/5 од 12.03.2025, доставен со арх.бр.05-1544 од 11.03.2025 година се достави на одобрување на НО на друштвото,
- Усвоен е Консолидираниот годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2024 година со Одлука бр.02-1782/2 од 24.03.2025, доставен со арх.бр.05-1772 од 24.03.2024 година се достави на одобрување на НО на друштвото,
- Усвоена е Консолидираната годишна сметка за остварените финансиски резултати на АД МЕПСО за 2024 година со Одлука бр.02-1782/4 од 24.03.2025, доставена со арх.бр.05-1722 од 20.03.2025 година се достави на одобрување на НО на друштвото,
- Предлог Одлука бр.02-1551/6 од 12.03.2025 година за распоредување на добивката по Годишна сметка за 2023 година која се достави на одобрување на НО на друштвото.

Врз основа на усвоените финансиски извештаи за 2024 година на АД МЕПСО се гледаат резултатите од следните финансиски податоци:

| | | |
|---|---|---|
| ○ Вкупен приход | 6.579.873.529,00 | денари |
| ○ Вкупни расходи | 6.050.379.017,00 | денари |
| ○ Добивка пред оданочување | 529.494.512,00 | денари |
| ○ Данок од добивка | 55.987.954,00 | денари |
| ○ Добивка по оданочување | 473.506.558,00 | денари |

По усвојувањето на овие одлуки од страна на УО се задолжи Секторот за финансиски работи Годишната сметка и финансиските извештаи да ги достави на разгледување и одобрување до Надзорниот Одбор на Друштвото.

На ден 24.12.2025 година се одржа Годишно Собрание на акционери на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје за 2024 година на кое акционерот Министерството за енергетика и минерални суровини на РСМ донесе Одлуки со кои ги одобри годишната сметка на Друштвото за 2024 година и консолидираната годишна сметка на Друштвото за 2024 година, ги одобри годишниот финансиски извештај и консолидираниот финансиски извештај за 2024 година, го одобри Годишниот Извештај за работењето на Друштвото во 2024 година, поединечно го одобри работењето на секој член на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото за 2024 година, назначи овластен ревизор за деловната 2025 година и донесе одлука за распределба на добивката која е остварена во деловната 2024 година.

Акционерот со Одлука бр.02-6195/1 од 24.12.2025 година ја усвои годишната сметка за остварените производно-финансиски резултати за 2024 година на АД МЕПСО во државна сопственост Скопје со следниот финансиски резултат:

| | |
|---|---|
| - Вкупни приходи | 6.579.873.529,00 денари |
| - Вкупни расходи | 6.050.379.017,00 денари |
| - Добивка пред оданочување | 529.494.512,00 денари |
| - Данок од добивка | 55.987.954,00 денари |
| - Добивка по оданочување | 473.506.558,00 денари |

Акционерот со Одлука бр.02-6197/1 од 24.12.2025 година ја распореди добивката по годишната сметка за 2024 година на АД МЕПСО со следната намена:

| | |
|---|---|
| - Добивка пред оданочување | 529.494.512,00 денари |
| - Данок од добивка | 55.987.954,00 денари |
| - Добивка по оданочување | 473.506.558,00 денари |
| - Задолжителна општа резерва 5% од нето добивката | 23.675.328,00 денари |
| - Акумулирана добивка | 449.831.230,00 денари |

Во однос на регулиран максимален приход за 2025 година и регулирана просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија за 2025 година беше со важечката одлука на Управниот Одбор бр.02-6337/1-1 од 30.09.2024 година, со која на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје како носител на лиценцата за пренос на електрична енергија се одобрува:

- Регулиран максимален приход за 2025 година од 2.721.286.487,00 денари
- Регулирана просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија за 2025 година од 0,4420 денари за пренесен киловатчас за планираните пренесени количини од 6.156.483.000 kWh електрична енергија.

Управниот Одбор донесе Одлука за усвојување на Извештаите од независните ревизори, Ревизорската куќа А&БА Гроуп ДООЕЛ, Скопје за финансиското работење на АД МЕПСО, во деловната 2023 година, заведени под архивски број 02-3575/1 на 13.06.2025 година и тоа:

- Посебни финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор на АД МЕПСО со состојба на ден 31.12.2024 година и
- Консолидиран финансиски извештај и Извештај на независниот ревизор на АД МЕПСО со состојба на ден 31.12.2024 година.

Дадено е задолжение на Секторот за финансиски работи извештаите да ги достави на разгледување и одобрување до Надзорниот Одбор на Друштвото, како и да подготви редуциран Извештај во писмена форма кој произлегува од Извештајот на Ревизорската куќа А&БА Гроуп ДООЕЛ.

На 20-тата седница одржана на ден 12.03.2025 година УО поднесе Извештај за работењето за 2024 година со арх.бр. 01-1531 до 11.03.2025 година и донесе Одлука бр.02-1551/4 со која му предлага на НО да го усвои Годишниот извештај за работа за 2024 година.

На 53-тата седница на УО одржана на 16.12.2025 година заведен со арх.бр.05-7065 го разгледа и усвои Финансикиот План на АД МЕПСО за 2026 година.

На 53-тата седница на УО одржана на 16.12.2025 година ги усвои следните документи кои се однесуваат за планираните активности за 2026 година и тоа:

- Управниот Одбор на АД МЕПСО ја разгледа и усвои Предлог-Годишната инвестициона програма на Друштвото за 2026 година, доставена со арх.бр.11-7048 на 16.12.2025 година.
- Управниот Одбор на АД МЕПСО ја разгледа и усвои Предлог-инвестиционата програма на Друштвото за периодот 2027-2030 година, доставена со арх.бр. 11-7049 од 16.12.2025 година.
- Управниот Одбор на АД МЕПСО го разгледа и усвои Годишниот план за останати потреби на набавки на АД МЕПСО за 2026, доставен со арх.бр.11-7051 на 16.12.2025 година.
- Управниот Одбор на АД МЕПСО го разгледа и усвои предложениот План за останати потреби на набавки на АД МЕПСО за 2027-2028 , доставен со арх.бр.11-7050 на 17.12.2025 година.
- Управниот Одбор го разгледа и усвои Годишниот План за работа на АД МЕПСО за 2026 година, доставен со допис бр.01-7285 на 17.12.2025 година.
- Управниот Одбор го разгледа и усвои Планот за јавни набавки за 2026 година, доставен со допис со арх.бр. 7286 на 25.12.2025 година.

Со одлука на Управниот Одбор бр.02-5607/1-1 од 10.10.2025 година, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје како носител на лиценцата за пренос на електрична енергија одобрува:

- Регулиран максимален приход за 2026 година од 1.946.247.411,00 денари
- Регулирана просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија за 2026 година од 0,3121 денари за пренесен киловатчас за планираните пренесени количини од 6.236063.926 kWh електрична енергија.

3.7. Следење на реализацијата на капитални инвестиции

Согледувајќи ја потребата од забрзување на капиталните инвестиции имајќи го во предвид нивното значење од аспект на развој и стабилност на електропреносниот систем на АД МЕПСО, како и влијанието на реализацијата на капиталните инвестиции врз утврдување на тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија од страна на РКЕВУ, особено е важно да се следи реализацијата на инвестициите утврдени согласно годишната инвестициона програма (ГИП).

Во 2025 година се спроведоа две значајни активности во делот на следење на реализацијата на капитални инвестиции и тоа:

(1) спроведената внатрешна ревизија на усогласеност и успешност во работењето, во планирањето и извршување на капитални инвестиции во АД МЕПСО, и
(2) трансформирање на инвестиците во основни средства, преку изготвување на колаудациски записници и увид во целокупната финансиска документација за Проектите.

*<u>Во врска со првата активност (1)</u>* важно е да се каже дека потребата произлезе од степенот на реализација на капиталните инвестиции во изминатите 10-на години кој не беше на задоволително ниво, така што во 2025 година се пристапи кон спроведување на внатрешна ревизија која се спроведе од страна на ревизорскиот тим формиран врз основа на Овластувањето од Генералниот директор на АД МЕПСО бр.03-10/304 од 17.04.2025 година.

Од спроведената внатрешна ревизија произлезе ревизорскиот извештај на усогласеност и успешност во работењето, во планирањето и извршување на капитални инвестиции во АД МЕПСО бр.12-4764/1 од 19.08.2025 година со Акциски план. Со ревизијата беа опфатени три капитални проекти, финансирани преку ЕБОР, WBIF и CIF и сопствени средства. Висината на буџетот на проектите финансирани со 3 (три) кредитни линии на ЕБОР со бр. на кредит 44114, 46274, 54625 изнесува 114 мил. еур., од кои 77% се финансираат со кредитни линии на ЕБОР.

Врз основа на добиените податоци од Службата за управување на проекти, Службата за оперативен контролинг и Службата за меѓународно кредитирање определен е индикатор за оцена кој е прикажан во продолжение за секоја поединечна инвестиција по број на кредитна линија.

**Табела 3. Успешност на реализација на проекти со кредитна линија 44114**

| | Назив на проектот | Буџет (еур) | Реализација (%) | Оцена |
|---|---|---|---|---|
| Ревитализација и модернизација на преносната мрежа и управување со електроенергетскиот систем | | | | |
| Компонента 1 | | | | |
| | Реконструкција на ТС Скопје 4 | 4.851.993,20 | 100% | Успешно |
| | Реконструкција на ТС Битола 2 | 1.024.253,92 | 100% | Успешно |
| | Реконструкција на ТС Осломеј | 630.365,12 | 100% | Успешно |
| | Реконструкција на ТС Валандово | 769.269,00 | 100% | Успешно |
| | Опрема за трафостаница, Реконструкција на ТС Битола 2 - | 3.181.211,79 | 100% | Успешно |
| | Високонапонска опрема | 1.872.003,00 | 100% | Успешно |
| | Набавка на високо напонска опрема-раставувачи | 1.032.621,77 | 100% | Успешно |
| | Релејна заштита | 620.988,95 | 100% | Успешно |
| Компонента 2 | Supervisory, Control, protectio and DC supply sistem | 1.132.654,50 | 100% | Успешно |
| Компонента 3 | | | | |
| | Набавка и инсталација на оптички надземјени жици | 996.669,00 | 100% | Успешно |
| | Набавка и инсталација на телекомуникациска опрема и далечински видео надзор на ТС | 4.980.430,00 | 100% | Успешно |
| | Опрема и изградба на подземна инсталација за оптичко поврзување | 184.589,00 | 20% | |
| Компонента 4 | | | | |
| | Реконструкција на 110 KV ТС Битола 1 - ТС Прилеп 1 | 3.555.849,09 | 50% | |
| | Реконструкција на 110 KV ТС Велес - ТС Овче поле | 2.265.341,54 | 100% | Успешно |
| | Реконструкција на 110 KV ТС Скопје 4 - ТС Велес | 4.393.608,97 | 20% | прекинат договор, |
| | Реконструкција на 110 KV ТС Штип - ТС Овче поле | 1.414.774,88 | 100% | Успешно |
| | Реконструкција на 110 KV ТС Штип - ТС Пробиштип | 2.450.242,37 | 100% | Успешно |
| Компонента 5 | PIU консалтинг услуги | 899.637,00 | 100% | Успешно |
| | | **36.256.503,10** | | |

**Табела 4. Успешност на реализација на проекти со кредитна линија 46274**

| | Назив на проектот | Буџет (еур) | Грант | Реализација (%) | Оцена |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Мепсо: Македонија-Албанија пренос Фаза 1 | | | |
| Компонента 1 | Изградба на 400KV ДВ ТС Битола 2 преку 400/110 KV ТС Охрид до македнско/албанска граница | 14.919.889,00 | 5.000.000,00 | 34% | прекинат договор |
| Компонента 2 | Изградба на 400/110 KV ТС Охрид и проширување на ТС Битола 2 | 17.838.976,33 | 3.999.999,97 | 55% | |
| Компонента 3 | Консултант на единицата за имплементација на проектот и технички надзор | 1.896.748,82 | | 85% | |
| Компонента 4 | Подобрување на паметна мрежа/ smart grid | | | | |
| 4.1 | Систем за надзорна контрола и собирање податоци (SCADA) | 4.622.809,28 | 1.999.205,74 | 100% | Успешно |
| 4.3 | Автоматизиран одговор на побарувачката | 126.100,00 | 126.100,00 | 100% | Успешно |
| 4.4 | Систем за мониторинг на широка површина | 139.523,54 | 118.240,28 | 100% | Успешно |
| 4.5 | Студија за ефектите од електричните возила со приклучок (PEV) | 114.985,00 | 114.985,00 | 100% | Успешно |
| 4.6 | Паметно одржување и управување со средства | 1.333.592,32 | | 50% | |
| Компонента 5 | Набавка и монтажа на опрема за 400/110 KV ТС Дуброво | 1.692.888,10 | | 100% | Успешно |
| | | **42.685.512,39** | **11.358.530,99** | | |

**Табела 5. Успешност на реализација на проекти со кредитна линија 54625**

| Назив на проектот | Буџет (еур) | Реализација (%) | Грант | Оцена |
|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на преносната мрежа во Југоисточен регион | | | | |
| Изградба на нова 400/110 kV трансформаторска станица во близина на селото Милетково, Гевгелија, нејзино поврзување со постојниот 400kV далекувод ТС Дуброво-ТС Солун, како и реконструкција и надградба на преносниот капацитет на постојниот 110kV далекувод ТС Валандово- ТС Струмица 2- ТС Струмица 1 | 35.660.000,00 | 3% | Грант од WBIF 7.600.000,00 еур, Грант и техничка помош од WBIF 1.160.000 еур, Грант од фондот CIF 500.000 еур, сеуште не се искористени средства од кредит од ЕБОР (54625) што изнесува 26,4 милиони евра | Изработена физибилити студија и план за управување со животна средина и социјални аспекти |
| | **35.660.000,00** | | | |

Врз основа на Извештајот се констатирани повеќе наоди од кои највлијателни наоди кои се однесуваат на недоволната реализација на капиталните инвестиции се следниве:

а) Реализацијата на одделни инвестиции се одложува како резултат на **нерешени имотно-правни односи и предизвици поврзани со процесот на експропријација**. Овие пречки предизвикуваат застој во активирањето на инвестициите, што, пак, резултира со одложен пренос на инвестициите во основни средства. Дополнително, евидентирано е отсуство на јасно дефинирана надлежност и одговорност за спроведување на преносот, што негативно влијае врз навременото и точното евидентирање на средствата. Овие одложувања создаваат **ризик** од финансиска неефикасност, искривување на евиденција на вредноста на основните средства, како и потенцијално нарушување на финансиската одржливост на проектите.

б) Финансиската евиденција во АД МЕПСО се води на различен начин во рамки на повеќе организациони единици (Оддел за сметководство, служба за кредитирање на меѓународни проекти, оддел за инвестиции и развој), што ја отежнува консолидацијата и споредливоста на податоците. Отсуството на единствен и интегриран систем за финансиска евиденција придонесува кон намалена транспарентност и зголемен ризик од недоследности и грешки.

ц) Согласно договорите за кредит, **прецизно се дефинирани каматната стапка за искористени средства**, провизијата за неискористен дел од кредитот и провизиите при исплата. За сите проекти се изработени студии за оправданост, со вклучени финансиски индикатори (NPV, IRR, B/C ratio, период на враќање) за проценка на исплатливоста и одржливоста на инвестициите, па така имаме:

- Кредитната линија **44114** е целосно искористена, со реализирани 15 инвестиции (83%). Три инвестиции се во тек, од кои две со пролонгирана реализација, а едниот лот е раскинат. Од 2013 година до 2024 година се платени 3,33 милиони евра камата за искористени средства и 0,83 милиони евра за неискористени средства. Подоцнежното користење на средствата довело до намалување на вкупните каматни трошоци поради пократкиот период на пресметка. Сепак, ваквото доцнење влијае негативно врз економичноста и одржливоста, бидејќи создава финансиски товар без соодветен поврат.
- Кредитната линија **46274** (проект Македонија – Албанија, фаза 1) не е целосно искористена. Од вкупниот буџет од 42,68 милиони евра, реализирани се 60%, од кои 12,42 милиони евра кредит и 11,72 милиони евра грант. Од 2015 година до 2024 година се платени 1,23 милиони евра камата за искористени средства и 1,52 милиони евра за неискористени средства, со слична состојба како кај претходната кредитна линија.
- Кредитната линија **54625** (проект за зајакнување на преносната мрежа во југоисточниот регион) е потпишана во 2024 година. Истата година се платени провизии во износ од 301.557 евра, а во 2025 година се плаќа провизија од 0,5% годишно за неискористен кредит, со полугодишна обврска од 68.457 евра.

Кај сите три кредитни линии постои договорна обврска за плаќање провизии за неискористени средства. Доцнењето во реализацијата на проектите резултира со пролонгирано користење на кредитните средства, што доведува до зголемени трошоци по основ на камати и провизии, како и до одложување или намалување на очекуваните придобивки од инвестициите.

д) Ревизијата утврди дека во АД МЕПСО има само еден интерен акт – ***"Процедура за менаџмент со квалитет во инвестициски проекти за електропреносен систем (МЕ-ПР-КП-01)"***, кој не е доволно прецизиран, недоволно објаснет  и слабо имплементиран во тековните работни процеси. Иако во рамките на процедурата се предвидени записи и обрасци, истите не се користат во практична примена, што укажува на недоволна интегрираност на документот во реалното спроведување на проектните активности.

Како резултат на ова, се јавува различно интерпретирање и неусогласено спроведување на одредени активности во рамки на инвестициски проекти, што води до зголемен **ризик** од неусогласеност, неефикасна координација и преклопување на одговорности и надлежности меѓу вклучените организациски единици

е) Констатирано е **постоење на апликација за систематско евидентирање и следење на проектите**, инсталирана во мај 2023 година во рамки на јавната набавка за лиценци за Microsoft Project и Microsoft Visio (Договор бр. 05-949/3 од 03.05.2023 година). Примената на **Microsoft Project** овозможува поефикасно известување и визуелизација на динамиката и напредокот на проектните активности, како пред Управниот одбор и надворешните чинители. Апликација е наменета за управување со проекти и активности, и обезбедува централизирана база на податоци за тековни и завршени проекти.
ф) Службата за внатрешна ревизија забележа чести  промени на позициите проект-менаџери, што претставува потенцијален ризик за нарушување на континуитетот на проектните активности, намалување на ефикасноста и институционалната меморија во процесот на управување со проектите Овие состојби, може да влијаат врз навремено донесување на клучни одлуки.

Дополнително, новоименуваните проект-менаџери често не биле доволно запознаени со досегашниот тек на реализацијата на проектите, што довело до непотребни доцнења.

Ваквата практика придонесува за недостаток на административна јасност, нецелосна евиденција и нарушен континуитет во управувањето со проектите.

*Во врска со втората активност (2)* важно е да се каже дека потребата произлезе од фактот што голем број на завршени проекти и инвестиции кои се во тек не беа трансформирани во основни средства. Врз основа на посветена работа и увид на документација од страна на Секторот за финансиски работи во координација на Директорот Анастасија Илиеска на чија иницијатива како член на УО се формира Комисијата со Одлука УО бр. 02-4549/10 од 05.08.2025 година и Одлука бр. 5178/6 од 16.09.2025 година. Комисијата беше формирана со задача да ги превземе сите потребни дејствија во насока на трансформирање на инвестицијата во тек во основни средства, да изготви колаудациски записници и изврши увид во целокупната финансиска документација за Проектите дадени во спецификацијата од конто 0161 од 30.07.2025 година.
Ваквата активност е за поздравување бидејќи во изминатите години голем број на проекти и сериозни инвестиции воопшто небеа вкалкулирани во вредноста на АД МЕПСО како основни средства, така што Комисијата имаше макотрпна работа која дадеконкретни резултати.
Имено, врз основа на Извештајот од Комисијата арх.бр.11-6386 од 19.11.2025 година  за вкупно 18 проектни активности и инвестиции се изработени Колаудациски Записници со кои се трансформираа  инвестициите во тек во основни средства, при што вкупната сума која што ќе биде активирана е:

| Вкупна вредност (МКД) | Вкупна вредност (Евра) |
|---|---|
| 1.114.862.910,00 | 18.127.852,00 |

Од самата вкупна вредност која изнесува 18.127.852,00 евра многу јасно се гледа оправаданоста и потребата од активноста што ја спроведе Секторот за финансиски работи и воспостави ред и систем со обврска да се продолжи активноста во континуитет за да не се случи со години да не се евидентираат основните средства. За остварување на таа цел се задолжија проект менаџерите

да водат евиденција, да известуваат и да спроведуваат целосна постапката на трансформирање на инвестицијата во тек се до упис во основни средства на друштвото.
Ова е еден пример за поздравување бидејќи активноста е спроведена саминицијативно од страна на раководните лица во Секторот за финансиски работи со што на дело се покажа домаќинско и одрговорно работење што треба да се следи од сите вработени во АД МЕПСО-Скопје.
Во доменот на своите надлежности и стекнатото искуството од страна на Службеникот за усогласеност се даваа предлози и сугестии за надминување на одредени проектни ризици во функција на успешна реализација на проектите. Воедно за прва пат на инсистирање и со помош на Службеникот за усогласеност се изработи Акциски план како составен дел од ревизорскиот извештај во кој се утврдија активности, рокови и одговорности во спроведувањето на акциониот план кој понатаму ќе се следи од стран ана Службата за ревизија.
Воедно започнати се голем број на постапки, активности, соработки во делот на идентификација на проекти, како и во делот на соработка со банки и EU Delegation во делот на финансирање на проекти, соработка со ENTSO-E, EnCS, TRINITY, USAID, GIZ и други. Се следи и унапредува Системот согласно меѓународниот стандард ISO 9001:2015. Изготвување и комплетирање на целокупната документација согласно барањата на системот на менаџмент со квалитет односно стандардот ISO 9001:2015.

## 3.8. Предизвици – состојби и мерки

Еден од поголемите предизвици со кој се соочи АД МЕПСО во 2025 година се серијата на испади на ден 18.05.2025, во периодот од раните утрински часови се регистрирани серија на испади на клучни елементи од електропреносната мрежа како резултат на активирање на наднапонската заштита. Со постепено исклучување, во тој период под напон на сите енергетски трансформатори 400/110 kV во 400/110 kV трафостаници (ТС Скопје 5, ТС Скопје 4, ТС Штип 1, ТС Битола 2) и дојде до раздвојување на 400 kV и 110 kV преносна мрежа.
По укажување на РКЕ и Службеникот за усогласеност според Мрежните Правила за пренос на електрична енергија, објавени во Службен весник на 10.01.2022 година, АД МЕПСО има обврска согласно член 5 и член 208 да подготви извештај за настанот, при што од стрна на стручните служби се изготви извештај со хронологија на настани, причини и преземени мерки од стрна на АД МЕПСО кој Извештај беше доставен до РКЕ.

- *Краток опис на настанот*

Имено, појавата на високи напони, посебно на 400 kV од страна на АД МЕПСО беше истакнато во дописот до РКЕ на ден 06.05.2025 за состојбата на ЕЕС како одговор на барање од страна на РКЕ бр. 12-516/1 од 11.03.2025. Во дописот беше опишана состојбата со високите напони и дадена листата на испади на елементи од преносна мрежа, исклучувања на 400 kV внатрешни далеководи како корективна мерка за намалување на напоните и испади од активирање на наднапонската заштита на елементи на 400 kV мрежа за 2024 година.

Воедно во 2025 година во рамки на мерките за стабилизација на напонската состојба, беше направено преподесување на напонската заштита на 400 kV трансформатори, со следните вредности: Скопје 5: двата трансформатори поставени на 449,6 kV, во погон е само еден ТР, Скопје 4: трансформаторот кој е во погон поставен на 449,6 kV ТР2; другиот трансформатор ТР 1 потребите на преносниот систем е исклучен, особено поради ниски товари во овој период. Доплнително треба да се нагласи дека ТР1 е подесен на 441 kV, пред се поради застареност и техничко-технолошки причини и ограничувања на самиот трансформатор, Штип: поставено на 449,2 kV и Битола 2: еден од трансформаторите ТР 2, преподесен на 441 kV. ТР 1 е претходно исклучен и е надвор од функција.

И покрај овие мерки, напоните во ноќните часови и понатаму го надминуваат прагот на наднапонската заштита, што резултира со чести испади на 400 kV трансформатори, поради отсуство на реактивен конзум и ниски транзити на енергија низ далеководите.

По комуникацијата со соседните ПСО-и за состојбата на интерконективните далеководи, остварена е комуникација со ТЕ Битола за состојбата на Блок 1 и Блок 3. Потоа е остварен контакт со Диспечерскиот Центар на Операторот на дистрибутивната мрежа за состојбата во сите 110 kV трафостаници. Во 06:07 направен е неуспешен обид за вклучување на енергетски трансформатор 400/110 kV во ТС Скопје 5. Потоа како корективна мерка со цел намалување на напоните е пристапено кон исклучување на 400 kV далековод ТС Штип 1 – ТС Врање и 400 kV далековод ТС Скопје 5 – ТС Феризај (податоци прикажани во**Error! Reference source not found.**). Вклучувањето н а 400/110 kV трансформатори е со следниот редослед:

1. 06:27 успешно е вклучен 400/110 kV трансформаторот во ТС Битола 2.
2. 06:32 успешно е вклучен 400/110 kV трансформаторот во ТС Скопје 5.
3. 06:50 успешно е вклучен 400/110 kV трансформаторот во Скопје 4.
4. 07:47 успешно е вклучен 400/110 kV трансформаторот во Штип.

Со вклучувањето на енергетскиот трансформатор 400/110 kV во ТС Битола 2, повторно е воспоставена трансформација и врска помеѓу 400 kV и 110 kV мрежа. За многу кратко време реставрирана е 110 kV мрежа до ХЕЦ Вруток, ХЕЦ Шпиље и ХЕЦ Глобочица, побарано е синхронизирање на генератори. До 07:00 донесен е напон до сите 110 kV јазли во преносната мрежата и е нормализирана работата на електопреносната мрежа.

Важно е да се напомене дека во периодот на траење на испадот нема суспезија на ниту една трансакција на електрична енергија помеѓу учесниците на пазарот на електрична енергија,ниту во областа на АД МЕПСО ниту во размената со соседните систем оператори. Разликата на неиспорачаното во однос на планираното производство како и разликата на реализираната во однос на планираната потрошувачка на електрична енергија се сведува на дебаланс на системот (отстапување на системот ) што е дадено во , креирана од податоците добиени од AMR системот.

После настанот од 18.05.2025, направени се консултации и анализи заедно со Security Coordination Center Белград, како Регионален центар за сигурносни пресметки и давател на услугата Regional Security Coordinated Initiative на МЕПСО. Разменети се искуства со соседните систем оператори околу нивното искуство со справувањето од опасноста од каскадни испади предизвикани од високи напони и подесувањата на наднапонската релејна заштита на енергетските трансформатори 400/110 kV.

Воедно со цел за преземање на соодветни мерки и активности во насока на обезбедување на функционалност на електропреносниот систем АД МЕПСО беше во координација со енергетската асоцијација на преносни систем оператори – ENTSO-E, при што се почитуваа сите насоки и препораки кои доаѓаа од комитетите на ENTSO-E.

Како и секоја година така и во изминатата година АД МЕПСО континуирано ја следеше состојбата на енергетскиот сектор во државата, регионот и Европа и согласно податоците со кои располага и во рамките на своите надлежности доколку процени дека се можни нарушувања во однос на движењето на цените на берзите во регионот, начинот на номинирање од страна на поедини снабдувачи, движењето на нивото на акумулациите и производството на електрична енергија од термо базата и користењето на системските резерви, навремено доставуваше информации до надлежните институции. Исто така се превземаа сите неопходни мерки во насока на тоа Балансно одговорните страни редовно да ги доставуваат своите планови согласно потпишаните билатерални договори, т.е БОС од отворениот пазар да обезбедат доволно енергија за своите клиенти.

За таа цел АД МЕПСО предлагаше одржување редовни состаноци со енергетските компании и РКЕ, заедно со претставниците на Владата на Република Северна Македонија и новоформираното Министерството за енергетика и минерални суровини како би можело навреме да се превенираат евентуални пореметувања во електроенергетскиот сектор на нашата држава.

Согласно законските обврски, а со цел да се обезбеди сигурен и непречен пренос на електрична енергија посебно за зимскиот период, АД МЕПСО ги презема сите неопходни активности меѓу кои:

- Навремено ги заврши сите предвидени ремонтно-ревизиони активности и целосно ја подготви и стави во функција електропреносната мрежа со цел овозможување на вршење на енергетската дејност пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем за зимскиот период.
- Го стави максималниот располжив капацитет на интерконективните водови на располагање на учесниците на пазарот и навремено ги спроведе сите планирани аукции за алокација на расположиви прекугранични преносни капацитети со што се овозможува увоз-извоз или транзит на ЕЕ низ нашиот ЕЕС.
- Организира аукции на системски услуги со цел обезбедување на потребните капацитети на балансна енергија за 2025 година согласно Планот за набавка на системски услуги.
- Ги обезбеди потребните количини на ЕЕ за покривање на загубите во преносната мрежа за 2025 година.

Исто така во текот на 2024 година на web страницата на АД МЕПСО се објавени и редовно ажурирани сите информации кои треба да бидат достапни до корисниците на преносната мрежа согласно Правилата за формата, содржината и динамиката на доставување и објавување на податоците наведени во Член 82 став 5 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19, 236/22,134/24 и 147/24),

На овој начин се изврши систематизирање на податоците кои треба да бидат достапни на корисниците на преносната мрежа. Покрај овие податоци на web страницата на АД МЕПСО се објавуваат и редовно се ажурираат сите податоци и информации кои ОЕПС, согласно Законот за енергетика и подзаконските акти од овој домен, а воедно податоците се објавени и на: платформата за транспарентност на ниво на ЕНТСОЕ и платформата за Market monitoring на РКЕ.

Несомнено е дека еден од поголемите предизвици со кој се соочува на АД МЕПСО е наплатата на финансиски средства од одредени компании кои се однсеуваат на исполнување на Договорите за учество на годишната/месечните аукции на прекугранични преносни капацитети, односно наплата на ненаплатените фактури од по основ на прекугранични преносни капацитети од годишната аукција.

Како што беше и претходно напоменато во 2025 година немало проблеми и отворени прашања од аспект на процесите почнувајќи од регистрација на учесниците за учество на аукција на прекугранични капацитети, објавата на слободниот прекуграничен капацитет, дозволување или ограничување на учеството на компаниите согласно наплатата, спроведувањето на аукцијата, доделувањето на слободниот прекуграничен капацитетот, објавување на резултатите, фактурирањето и следењето на наплатата, опомена за ненаплатениот капацитет, па се до одземање на ненаплатениот капацитет и негово понудување на следната аукција.

Треба да се напомене дека од страна на Секторот за правни и општи работи – СПОР директно или индирекно преку ополномоштени адвокати уредно се водат повеќе судски предмети за заштита на интересите на АД МЕПСО каде се јавува како тужител или како тужен по разни основи за активности од тековното работење како што се постапки од физички и правни лица поради незадоволни страни при експропријација, одредени дејствија врз основа на стечајни постапки, надомест на штети по разни основи, осигурување, камати од ненавремено платени фактури и слично.

3.9. Соработка со Службата за оперативен контролинг и Одделението за план и анализа

Во рамките на своите овластувања и согласно одредбите од Правилникот за работењето, овластувањата, правата и обврските на Службеникот за усогласеност, во својата работа и редовни активности во 2025 година Службеникот за усогласеност посебен акцент стави на комуникацијата и соработката со Службата за Оперативен контролинг, план и анализа, која е опишана во следните точки 3.9.1 и 3.9.2 дадени во продолжение на Извештајот.

### *3.9.1. Соработка со Службата за оперативен контролинг*

Еден од поважните сегменти во делот на следење на спроведување на активностите и постапкитеза јавни набавки е работењето на Службата за оперативен контролинг до која во текот на 2025 година, од страна на подружниците/секторите постапувајќи по Планот за јавни набавки за 2025 на АД МЕПСО, доставија 126 Барања за започнување на постапки за јавни набавки од вкупно планирани 255.

Во текот на 2025 година, склучени се вкупно 96 договори помеѓу АД МЕПСО и други договорни страни (компании), а воедно е ажурирана и Дата базата во која се евидентирани склучените Договори помеѓу АД МЕПСО и носителите на Договорите по објавени јавни набавки. Во оваа дата база се евидентирани и Договори за постапки во реализација–довршување на постапки на јавни набавки започнати пред и во 2024 година за кои е пропишана примена на ЗЈН. Преку оваа Дата база континуирано се следи реализацијата на секој поединечен договор за потребите на Службата за оперативан контролинг. Службата за оперативен контролинг, врши редовно следење на постапките за Јавни набавки по доставени барања за јавна набавка во 2025 година во координација со Одделот за комерцијални работи.

Исто така, во текот на 2025 година, Службата за оперативен контролинг, изработи преглед на реализација на Годишната инвестициона програма (ГИП) за 2025 година, Годишниот план за останати потреби за набавки (ОПН) за 2025 година и Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за 2025 година, како и за секој квартал од 2025 година.

Службата за оперативен контролинг, постапуваше по доставените барањата за пренамена на средства, односно измена и дополна на Годишната инвестициона пограма, Планот за останати потреби за набавки и Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за тековната 2025 година.

Согласно тековните потреби на подружниците и секторите и врз основа на доставените барања беа реализирани вкупно 72 барања за пренамена на средства. Истите се евидентирани во Базата за евиденција на изготвени барања за пренамена (измени и дополнување). По донесувањето на Одлуки за пренамена на средства, од страна на Управниот Одбор на АД МЕПСО, ажурирани се Годишната инвестициона пограма, Планот за останати потреби за набавки и Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за тековната 2025 година. Согласно направените измени доставени беа ажурирани верзии до сите организациони единици. Врз основа на направените измени во Планот за јавни набавки на АД МЕПСО за 2025 година (ПЈН), Службата за комерцијално работење во координација со Службата за оперативен контролинг, последната верзија на ПЈН го објави на веб страната на Бирото за јавни набавки.

Службата за оперативен контролинг редовно изготвуваше квартални, годишни извештаи и план за работењето на АД МЕПСО ги доставуваше на разгледување и усвојување до Управниот одбор на АД МЕПСО и Надзорниот одбор на АД МЕПСО.

Во овој период изготвени се оперативни template-и за подготвување на Годишната инвестициона програма за 2026 година, Инвестиционата програма за 2027-2030 година, Годишниот план за останати потреби за набавки за 2026 година, Планот за останати потреби за набавки за период 2027-2028 година и Планот за јавни набавки за 2026 година на АД МЕПСО и истите се доставени до подружниците/секторите за пополнување.

Остварени се повеќе работни средби и состаноци со претставници од подружниците/секторите на кои е презентиран начинот на пополнување и изготвување на плановите.

По добивање на пополнетите планови и нивно консолидирање и унифицирање, повторно се реализирани состаноци со директорите на подружниците/секторите на кои е направена оптимизација на плановите и конечно договорени сите детали, па согласно тоа:

- Изработена е Предлог Годишната инвестициона програма за 2026 година и доставена до УО со архивски број 11-7048 од 16.12.2025 година.
- Управниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7067/9 од 16.12.2025 година.
- Надзорниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7312/3 од 26.12.2025 година.
- Изработена е Предлог Инвестициона програма за период 2027-2030 година и доставена до УО со архивски број 11-7049 од 16.12.2025 година.
- Управниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7067/10 од 16.12.2025 година.
- Надзорниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7346/4 од 29.12.2025 година.
- Изработен е Предлог Годишниот план за останати потреби за набавки во 2026 година и доставен до УО со архивски број 11-7051 од 16.12.2025 година.
- Управниот одбор на АД МЕПСО го разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7067/11 од 16.12.2025 година.
- Надзорниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7312/5 од 26.12.2025 година.
- Изработен е Предлог Планот за останати потреби на набавки во 2027-2028 година на АД МЕПСО и доставен до УО со архивски број 11-7050 од 16.12.2025 година.
- Управниот одбор на АД МЕПСО го разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7067/12 од 16.12.2025 година.
- Надзорниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7312/6 од 26.12.2025 година.
- Во овој период изработен е Годишниот план за работа на АД МЕПСО за 2026 година и доставен е до УО со архивски број 01-7270 од 25.12.2025 година.
- Управниот одбор на АД МЕПСО го разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7277/9 од 25.12.2025 година.
- Надзорниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7346/2 од 29.12.2025 година.
- Во овој период изработен е План за јавни набавки на АД МЕПСО за 2026 година и доставен е до УО со архивски број 11-7269 од 25.12.2025 година.
- Управниот одбор на АД МЕПСО го разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7277/10 од 25.12.2025 година.
- Надзорниот одбор на АД МЕПСО ја разгледа и одобри со Одлука со архивски број 02-7346/3 од 29.12.2025 година.

Во текот на 2025 година, Службата за оперативен контролинг ги изработи извештаите за работењето на АД МЕПСО, и тоа:

- Годишен извештај за работењето на АД МЕПСО за 2024 година.
- Квартален извештај за работењето на АД МЕПСО за период 01.10.2024 до 31.12.2024 година (Q4 2024)
- Квартален извештај за работењето на АД МЕПСО за период 01.01.2025 до 31.03.2025 година (Q1 2025)
- Квартален извештај за работењето на АД МЕПСО за период 01.04.2025 до 30.06.2025 година (Q2 2025)
- Квартален извештај за работењето на АД МЕПСО за период 01.07.2025 до 30.09.2025 година (Q3 2025)

Горенаведените извештаи за работењето на АД МЕПСО во тековната 2025 година се одобрени со одлуки од страна на Управниот одбор на АД МЕПСО и Надзорниот одбор на АД МЕПСО.
Исто така Службата за оперативен контролинг, учествуваше во изготвувањето на материјалите поврзани со Барањето за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за регулираната дејност пренос на електрична енергија кои беа доставени до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги, во делот на планирани инвестиции, реализирани инвестиции и пресметка на планирана амортизација за планираните инвестиции согласно планираната динамика на завршување на истите.

### *3.9.2. Соработка со **Одделение за план и анализа***

Поради важноста и значењето на анализите во стратешкото планирање како и претходно така во 2025 година перманентно се следеа активностите на Одделение за план и анализа, кои претставуваат редовни работни задачи. Имено, изработени се детални анализи и согледувања на остварените приходи и расходи во претходниот период како што се:

- Преглед на приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО по квартали во 2025 година ; ( прв, втор и трет квартал )
- Преглед на остварените приходи од финансиското работење по квартали во 2025 година; (прв , втор и трет квартал)
- Преглед на трошоците на АД МЕПСО по аналитички конта по квартали во 2025 година; ( прв, втор и трет квартал )
- Преглед на останатите трошоци од работењето по квартали во 2025 година; ( прв, втор и трет квартал )
- Изготвени се Финансиски извештаи за работењето на АД МЕПСО Скопје по квартали во 2025 година и истите се доставени на разгледување и усвојување до Управниот и Надзорниот одбор;
- Изготвен е Годишен Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје за 2024 година, и истиот е доставен на разгледување и усвојување до Управниот и Надзорниот одбор;
- Извештајот кој што го покрива периодот на работењето на компанијата од 01.10 до 31.12.2024 година (четврт квартал) и истиот е доставен на разгледување и усвојување до Управниот и Надзорниот одбор;
- Изготвен е Консолидиран Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО Скопје за деловната 2024 година и истиот е доставен на разгледување и усвојување до Управниот и Надзорниот одбор;
- Изготвено и доставено до РКЕ (септември 2025 година), Барање за одобрување на регулиран максимален приход и просечна тарифа за вршење на регулирана дејност пренос на електрична енергија на АД МЕПСО Скопје за трета година од регулиран период, за 2026 година, од регулираниот период 2024- 2026 година, согласно *Правилникот за начин и услови на определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи, за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија,* за регулираната енергетска дејност, пренос на електрична енергија;
- Изработени се дополнителни податоци и анализи на остварените приходи и расходи-трошоци, регулирани основни средства и сл. согласно доставените барања од Регулаторната комисија за енергертика и водни услуги на Република Северна Македонија, а во врска со апликацијата за цена;
- Изготвен е Финансиски план на АД МЕПСО за 2025 година, (Измена на Финансиски план на АД МЕПСО за 2025 година) -од ноември 2025 година. Бидејќи, се направија нови прогнози за очекуваните приходи и расходи за операторот на електропреносниот систем за 2025 година. Исто така и некои од влезните парамери имаа значителни промени, како што се вредностите за дневниците за службени патувања, трошоците за авторски хонорари привремени вработувања, и сл. поради тоа се наметна потребата од Измена на финасискиот план на АД МЕПСО за 2025 година (ноември 2025 година), со која се даде пореална слика за финасиското работење на компанијата за наредниот период.

- Изработен е на Финансискиот план на АД МЕПСО за 2026 година, (од декември 2025 година), согласно преносна тарифа од 0,3018 денари по пренесен киловат час, направените прогнози за пренесените количини на електрична енергија, предвидените приходи по овој основ, приходите по основ на алокацијата на прекуграничните преносни капацитети направените согледувања за планираните потребни средства за закупот на балансниот капацитет, трошоците за набавка електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа, приходите и расходите по основ на балансниот механизам, како и планираните останати приходи и расходи од работењето на компанијата. Истиот е доставен на разгледување и усвојување до Управниот и Надзорниот Одбор на Друштвото;
- Изработена е Измената на Финансискиот план на АД МЕПСО за 2026 година, (од декември 2025 година), согласно донесената Одлука од РКЕ од 05. Декември 2025 година за промена преносната тарифа од 0,3101 денари по пренесен киловат час, на 0,3018 за пренесен киловат час електрична енергија или намалување од 2,67% со важност и примена од јануари 2026 година. Согласно утврдената просечна регулирана тарифа за пренос за 2026 година и планираните пренесените количини,се планирани приходите од преносот на ел. енергија Согласно примената на Правилата за доделувањето на прекуграничните преносни капацитети и нивната примена во 2026 година, во спроведувањето на доделувањето на прекугранични капацитети ќе се остваруваат само приходи по основ на алокација на прекугранични преносни капацитети. Бидејќи алокацијата на прекуграничните преносни капацитети на македонско - бугарска граница и на македонско српска граница ќе се одвива преку алокациска куќа, по тој основ АД МЕПСО ќе остварува само приход кој се предидува за 2026 годин во висина од 22,60 милиони евра и е нешто понизок од очекуваните за 2025 година од 23,86 милиони евра. Трошоците за закуп на балансниот капацитет за 2026 година се предвидени на 14,50 милиони евра или повисоки за 15 % од очекуваните за 2025 година. За планираните вкупни трошоци за 2026 година, замени се во предвид спроведените тендерски постапки за 2026 година за набавката на загубите во преносната мрежа,и трошоците за сопствената потрошувачка и сите останати трошоци се предвидени согласно остварувањата во претходниот период и предвидените за наредниот период. .Изработени се податоци за планираните приходи и расходи по месеци и квартали за 2026 година, отплата на кредити, и други податоци согласно Финансискиот план за 2026 година, Измена на финансиски план за 2026 година од декември 2025 година. Истиот е доставен на разгледување и усвојување до Управниот одбор и Надзорниот одбор на друштвото;
- Изработени се повеќе анализи и согледувања за состојбата и работењето на АД МЕПСО, приливи и одливи на средства во 2025 година, состојба со финансиските средства и начини на подобрување на деловното работење на компанијата до крајот на годината;
- Доставени се податоци до Министерството за финансии на месечно ниво, односно извршено е пријавување и евидентирање на обврските кое се врши преку Електронскиот систем за пријавување и евидеција на обврски, (ЕСПЕО), кој го воспоставува, управува, и одржува Министерството за финансии, согласно со Законот за пријавување и евиденција на обврски кој е во примена од мај 2018 година;
- Доставени се податоци до Министерството за финансии за Реализација на приходи и расходи и инвестиции по месеци и збирно по квартали ( за прв, втор, трет,четврт квартал), како и остварените приходи и расходи по пооделни ставки и позиции;
- Изработени се анализи и согледувања за состојбата и работењето на АД МЕПСО до крајот на годината, приходи – расходи, финансиски резултат, пренесени количини на електрична енергија и сл ;
- Соработувано е со Секторот за правни работи во врска со пресметката на бруто платата за тековната година, исплатената бруто плата во одреден период од годината, како и потребните средства за бруто плата во наредниот период;
- Анализирани се Финансиските извештаи на компанијата ( Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештаи за парични текови,) и добиени се соодветни показатели за профитабилноста, ликвидноста, рентабилноста и ефикасноста во работењето на компанијата за соодветниот период, како и рациналното користење на средствата;
- Изработени се анализи и информации за тековното работење на компанијата со податоци за остварувањата за подолг период од неколку години, податоци за тарифата за пренос и

динамиката и релизацијата на останатите приходи и расходи од редовното работење на компанијата, податоци за приходите од регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија, финансиски резултат од работењето и графичко презентирање на истите;

- Се зеде учество во изршување на годишниот редовен попис за 2025 година во Комисијата за попис на нематеријалните средства, инвестиции во тек , парични( попишани во апоени), побарувања, извори на средства и обврски (салдо на трансакциони сметки во деловни банки и салдо на безготовински картички), на АД МЕПСО за 2025 година,
- Изработени се анализи за тековната финансиска состојба на компанијата на 31.12.2025 година, готовински средства на денарски и девизни сметки, ненаплатени побарувања и неподмирени обврски и кредитната задолженост и показатели за успешност во работењето на компанијата.

- Обработени се податоци за приходите и расходите, со цел намалување на трошоците т.е нивна оптимизација и постигнување поголема ефикасност и ефективност во користењето на човечките и материјалните средства и ресурси на Друштвото, и постигнување на поповолен финансиски резултат;
- Изработени се извештаи за работењето на организациониот дел – План и анализа по квартали и на годишно ниво;
- Извршување на останати работни задачи согласно работните обврски;

Одделениетоа за план и анализа со својата експертиза и искуство во изработка на претходно наведените документи претставува еден од поважните фактори за носење на правилни одлуки и квалитетно планирање од страна на менаџменстот на АД МЕПСО. Останува препораката од претходниот Извештај дека ваквата подготвеност и спремност на Одделение за план и анализа е потребно да се оддржи на високо ниво со перманентна обука на вработените од одделението и со поголема посветеност на помладите лица кои работат во одделението.

3.10. Соработка со службата за внатрешна ревизија

Имајќи ја во предвид улогата и значењето на службата за внатрешна ревизија од страна на Службеникот за усогласеност ги следеше активностите во 2025 година на службата за внатрешна ревизија која работеше согласно позитивната законска регулатива, а врз основа на усвените краткорочни и среднорочни планови и тоа:

- **Стратешки план** за извршување на внатрешна ревизија за период од 2025 до 2027 година бр. 12-8272/1 од 25.12.2024 год. доставен до Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии на РСМ со бр. 12-8272 од 25.12.2024 год.

- **Годишен план** за извршување на внатрешна ревизија за 2025 година бр. 12-8272/2 од 25.12.2024 год. доставен до Централната единица за хармонизација при Министерството за финансии на РМ со бр. 12-8272 од 25.12.2024 год.

Согласно горе наведеното, Службата за внатрешна ревизија во 2025 година ги имаше следните ревизорски активности:

1.Изработена е и потпишана е Повелбата за внатрешна ревизија бр. 12-2302 од 17.04.2025 година од страна на Службата за внатрешна ревизија и Раководителот на субјектот, согласно Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во Јавниот сектор, како и по препораката од алинеја 2 од ДЗР.

2.Извршен е генерален преглед и детална анализа за настанатите промени и ажурирање на Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешна ревизија – МСР, согласно The Institute of Internal Auditor Global.

3.Извршен е детален преглед и проучување на новиот Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во Јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“,бр.255/24), како и анализа и утврдување на разликите на новиот со стариот закон.

4.Согласно Овластувањето со бр. 03-10/305 од 17.04.2025 година во тек е Ревизија на „Систем на контрола во процесот на работењето во трафостаниците".

Службата за внатрешна ревизија при АД МЕПСО спроведе теренски посети и контроли во повеќе трафостаници низ државата, со цел оценка на процесот на работење, усогласеноста со интерните процедури, како и почитувањето на техничките и безбедносни стандарди.

Контролата опфати набљудување на тековните активности на вработените, проверка на состојбата на техничката опрема и увид во уреденоста и обезбедувањето на околниот имот и инфраструктура. Дополнително, беше извршена проверка на документацијата, условите за складирање и одржување на опремата во куќарките.

Контролните посети беа реализирани во следниве трафостаници:

| Трафостаница | Датум на посета | Трафостаница | Датум на посета |
|---|---|---|---|
| Испитен центар Охрид | 07.05.2025 | ТС 400/110 kV Битола 2 | 03.09.2025 |
| ТС 110 kV Охрид 1 | 07.05.2025 | ТС 110 kV Прилеп | 04.09.2025 |
| ТС 110 kV Охрид 2 | 07.05.2025 | ТС 110 kV Велес | 02.10.2025 |
| ТС 400/110 kV Бутел, Скопје 5 | 21.08.2025 | ТС 110 kV Кавадарци | 02.10.2025 |
| ТС 400/110 kV Пинтија, Скопје 4 | 11.09.2025 | ТС 400/110 kV Дуброво | 02.10.2025 |
| ТС 110 kV Битола 1 | 03.09.2025 | ТС 400/110 kV Штип | 03.10.2025 |

Посетите беа извршени согласно ревизорските стандарди и безбедносните протоколи. Целта на ревизијата беше проверка на системот на контрола и процесот на работењето на трафостаниците, начинот на интерна координација, како и нивната усогласеност со утврдените процедури. Во текот на контролата беа евидентирани одредени забелешки поврзани со одржувањето, документацијата и организацијата на дел од процесите. За истите ќе бидат дадени соодветни препораки во Конечниот ревизорски извештај, кој е во подготовка, со цел подобрување на работењето и унапредување на ефикасноста.

5. Согласно Овластувањето бр. 03-10/304 од 17.04.2025 година, Службата за внатрешна ревизија достави Ревизорски извештај за ревизија со наслов: „Усогласеност и успешност во работењето, планирањето и извршувањето на капиталните инвестиции во АД МЕПСО, како и внатрешна контрола во реализација на предметот на ревизијата"(Види точка 3.7, активност 1)

Во рамки на оваа ревизија: Направена е детална анализа на реализацијата на капиталните инвестиции во АД МЕПСО, Извршена е идентификација и категоризација на ризиците поврзани со планирањето и изведбата на инвестициите и Активно се работеше на прибирање, анализа и преглед на проектна и финансиска документација, користејќи ревизорска методологија согласно интерните стандарди и најдобри практики.

Целта на ревизијата беше да се изврши проверка на системот на внатрешна контрола во реализацијата на капиталните инвестиции, со цел да се обезбеди независно и објективно уверување за функционирањето на системот за усогласеност, ефикасност и ефективност во процесите на планирање, управување и спроведување на капиталните проекти.

Како резултат на утврдените наоди и дадените препораки во извештајот, беше изготвен и доставен Акциски план под број 12-5183 од 16.09.2025 година за спроведување на мерките и подобрување на процесите во делот на капиталните инвестиции.

Внатрешните ревизори при АД МЕПСО зедоа учество на повеќе обуки, работилници, инфо сесии како во земјата така и во странство со цел за следење на промените на стандардите во внатрешната ревизија, надополнување на знаењата и вештините во насока на зајкнување на капацитетите на Службата за внатрешна ревизија.

При вршењето на овие ревизии и активности, Службата за внатрешна ревизија имаше континуирана деловна соработка (комуникација) со стручните служби во АД МЕПСО и со Службеникот за усогласеност.

## 4. Начин на следење на Програмата за усогласеност и мерки за идно постапување

Следењето на **Програмата за усогласеност на АД МЕПСО** претставува континуиран и структуриран процес што обезбедува усогласеност со законите, регулативите врз основа на кои работи друштвото (особено во делот на енергетскиот сектор), како и усогласеноста со внатрешните акти на друштвото.

Предизвиците со кој се соочуваше друштвото во 2025 година и условите за работа не се разликуваат многу во однос на претходните години имајќи ја предвид сложената состојба предизвикана од надворешни фактори како што се последиците од енергетска криза, воените дејствија во Украина и Русија, настаните на Блискиот исток и слично. Сепак сите структури во АД МЕПСО во 2025 година се стремеа кон исполнување на поставените стратешки цели на друштвото, а воедно и обезбедување на услови за примена на Програмата за усогласеност и за запознавање на вработените со одредбите од Програмата.

Сите вработени во АД МЕПСО, на чело со раководството, во текот на 2025 година во своето работење покажаа посветеност кон почитувањето на правилата на однесување предвидени со Програмата за усогласеност. Ставањето на располагање на бараните податоци на Службеникот за усогласеност се одвиваше без проблеми. На секое барање за достава на податоци и информации се одговараше во назначениот рок, при што податоците се доставувани по електронски пат или непосредно со предавање на потребната документација.

4.1. Едукација и обука на вработените од страна на Службеникот за усогласеност

Едукацијата преку обуки и инфо сесии се **клучни превентивни инструменти** на Програмата за усогласеност и директно влијаат врз: законитоста на работењето, намалување на ризици и кредибилитетот и угледот на АД МЕПСО.

АД МЕПСО ги превзема сите потребни активности за запознавање на сите вработените со одредбите на Програмата за усогласеност и генерално најголем дел од вработени се веќе запознаени, со истата, како и со обврските кои произлегуваат од Програмата. Информацијата е пред се преку официјалната интернет страна на компанијата, како и преку огласните табли во објектите, но сепак е потребно дополнително информирање за активностите поврзани со транспарентноста во работењето.

Како и претходната година за таа цел Службеникот за усогласеност во соработка со Одделот за човечки ресурси ја подготви Програмата за едукација која има 3 (три) модули, а која има потенцијал за развивање и на повеќе модули во наредната година. Целта на оваа програма е да ги запознае вработените со начините за примена на позитивните законски прописи, запознавање со политиките на компанијата, споделување на искуства во областа на транспарентноста, независноста, управувањето со ризици, интегритетот и професионалната етика, како и организирање на инфо сесии за тимска работа и за реализација на Програмата за усогласеност.

Имено, модулите се креирани така што ги опфаќаат клучните сегменти на Програмата за усогласеност и е дизајнирана и претставена во Power Point презентација за полесно прикажување и поголема видливост на следниве модули:

**Модул 1 – Вовед/воведен модул**
1.1. Опис на законска регулатива во енергетскиот сектор
1.2. Права, обврски, значење и улога на АД МЕПСО
1.3. Програма за усогласеност на АД МЕПСО во однос на обврските кои произлегуваат од сопственичко раздвојувањ

**Модул 2 - Транспарентност, независност и интегритет**
2.1. Поимување на транспарентност, независност и интегритет
2.2. Политика на интегритет

**Модул 3 – Проценка на ризици од корупција**
Како до ``О`` та корупција во АД МЕПСО?

И оваа година во зависност од секојдневната динамика на редовни обврски на вработените и од карактерот и спецификите на работните места, Службеникот за усогласеност се трудеше да одржува инфо сесии со презентирање на Модулите, како и во секојдневните контакти со структурите на сите нивоа на Компанијата да ги презентира и појаснува одредбите на Програмата и да работи на нивно спроведување.

Пред се едукацијата и обуката имаат за цел: обезбедување усогласеност со новиот Закон за енергетика, спречување на конфликт на интереси и коруптивно однесување, заштита на доверливи информации и недискриминаторско постапување, јакнење на култура на однесување и зачувување на интегритетот на друштвото.

Во делот на препораките од Извештајот се даваат конкретни предлози за подбрување на системот на едукација преку воведување на три типа на обуки Тип 1 - Почетна (иницијална) обука за нововработени и новоименувани раководни лица, Тип 2 - Редовна (периодична) обука најмалку еднаш годишно за вработени кои се рангирани на повисоко работно место за можен ризик од корупција и Тип 3 - Специјализирана обука наменета за: раководен кадар, вработени во ризични области (набавки, приклучоци, договори, ЈПП).

4.2. Комуникациски канали

Заради добивање на информации за спроведување на обврските кои произлегуваат од Програмата за усогласеност, функционира воспоставениот комуникациски канал помеѓу Службеникот за усогласеност и вработените во АД МЕПСО од една и корисниците на услугите од друга страна. Целта на оваа комуникација е да овозможи Службеникот за усогласеност да добива информации за настани поврзани со неетички и илегални активности (како конфликт на интерси, истекување на комерцијално осетливи информации, нееднаков третман на корисниците, неусогласеност со Програмата и слично), а во исто време заштита на интегритетот и идентитетот на личноста која ја доставува информацијата.

Во насока на спроведување на комуникацијата помеѓу засегнатите страни, на интернет страна на друштвото е поставен посебен линк за Програмата за усогласеност, каде ќе може да се пристапи до сета потребна документација поврзана со спроведувањето на Програмата за усогласеност. https://www.mepso.com.mk/index.php/mk/doma/usoglasenost/programa

Освен информативниот карактер, на линкот има можност да се пристапи до Формулар на кој секој заинтересиран ќе може да достави информации кои го засегаат спроведувањето на Програмата, да прикачи скениран документ или фотографија, и сето тоа по негов избор анонимно. https://www.mepso.com.mk/index.php/mk/doma/usoglasenost/nepravilnosti

Согласно одредбите од глава 6 од Програмата за усогласеност, секој член на УО, НО или вработен во АД МЕПСО е должен, доколку дојде до сознанија или на било кој начин воочи ваков тип на однесување, истото да го пријави како коруптивно однесување. За таа цел, а согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи, ако има потреба тогаш Службеникот за усогласеност е подготвен во случај ако се однесува за строго доверлива документација да ги спроведе процедурите за да се стекне со безбедносен сертификат “строго доверливо“ како услов за поседување и обработување на класифицирани информации и нивно соодветно процесирање до надлежните институции што во досегашното работење немало потреба или ваков случај.

Воедно во делот на информации од јавен карактер (ИЈК), а во согласност со член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во АД МЕПСО има назначено 2 (две) службени лица за посредување со ИЈК. Овие службени лица подготвуваат годишен извештај за спроведување на Законот за СПИ и истиот го доставуват до Агенцијата до 31 јануари во тековната година за претходната година и го објавува на веб страницата на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

Во 2025 година, се примени 7( седум) барања за пристап до информации од јавен карактер. Нема одбиени, отфрлени или неодговорени барања.

1. На 28.01.2025 г. , Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации бара информации за доделени донации и спонзорства во периодот од 01.01.2022-31.12.2024
2. На 23.04.2025 год. ЗИП Институтот бара информации за број на вработени во последни седум години, листа на кандидати за вработување, копии од решенија за вработување, критериуми за оценување на кандидатите...
3. На 28.04.2025 год. Ценис Сулејмани од Portalb, бара број и процент на вработени по етничка припадност, органограм на компанијата, извештај од последен конкурс за вработување...
4. На 27.07.2025 год. Илија Бендевски од Здружение на инженери, бара информации ( одлуки, договори, студија, одобрение, лиценци..) за изградба на ветропаркот Алказар Енерџи
5. На 08.10.2025 год. Здружението на граѓани Центар за граѓански комуникации бара податоци за ЈН на лични заштитни средства
6. На 30.10.2025 год. НЛБ Банка бара информации за трансформаторските станици Берово, Овче Поле и Радовиш
7. На 10.12.2025 год. Златко Боцески бара податоци за прекинот во снабдувањето во Прилеп.

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер, постапувајќи согласно законските одреби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во законски определениот рок одговорија позитивно на сите барања, односно овозможен е увид во бараните информации.

4.3. Оценки, наоди и препораки

Врз основа на претходно наведеното во Извештајот, генерална оценка е дека Програмата за усогласеност во најголем дел се спроведува и почитува од страна на сите нивоа на вработени и хиерархиска поставеност на АД МЕПСО - Скопје, но секогаш може подобро кон што треба да се стреми АД МЕПСО - Скопје.

Во таа насока при следење на спроведување на Програмата за усогласеност се констатирани одредени наоди од кои се извлечени соодветни препораки во насока на зголемување на свесноста на вработените за потребата од градење и заштита на интегритетот на АД МЕПСО - Скопје.

Имено, најголем број од вработените сметаат дека интегритетот зависи само од врвниот менаџмент, а не и од сите вработени што како наод е загрижувачки бидејќи однесувањето, транспарентноста и посветеноста на сите вработени комплементарно го градат имиџот и интегритетот на АД МЕПСО.

Исто така улогата која ја има АД МЕПСО - Скопје во постапката за приклучување на ЕПС заради зголемениот интерес и притисок за приклучување на нови производни капацитети дава можност за нарушување на начелото на транспарентност, објективност и недискриминаторски пристап кон сите корисници на електропреносниот систем. Согласно новиот Закон за енергетика притисокот делумно се пренесе и на МЕРМС, но сепак останува како наод кој може да допринесе за нарушување на интегритетот на АД МЕПСО. Па така уште понагласено останува обврската согласно своите надлежности кои произлегуваат од Програмата за усогласеност, во насока на следење на обезбедување на транспарентност, објективност и недискриминаторски пристап кон сите корисници на електропреносниот систем, Службеникот за усогласеност редовно да ја следи работата на Службата за приклучоци.

Реално има основ со новиот Закон за енергетика одредени слабости да се надминуваат, а воедно според новиот закон ќе биде потребно да се изработат нови Мрежни правила, во кои е потребно многу јасно и прецизно ќе се утврди постпакта за приклучување на ЕПС.

Во таа насока останува и препораката која се однесува и е во функција на зголемено јавно и транспарентно работење во делот на спроведување на постапките за приклучување на ЕПС на АД МЕПСО - Скопје, дополнително се предлага од страна на Службата за приклучоци во соработка со Службеникот за усогласеност и вклученост на лицето задолжено за постапување за информации од јавен карактер по измените на Мрежните правила да се изработат: *„Насоки со прикази за видови, начини, процедури за приклучок на ЕПС на АД МЕПСО - Скопје„.*

Бидејќи пазарот на електрична енергија сеуште не е стабилизиран во контекст на енергетската криза, Службеникот активно ги следеше состојбите и даваше свои забелешки во 2025 година, а ги повтори и дел од препораките од претходната година и тоа:

- Во комуникација со надлежните органи, постојано да се вршат интервенции кај јавните институции за редовно подмирување на обврските за плаќање на сметките за електрична енергија кај снабдувачите, како би се овозможило истите да ги подмируваат своите обврски кон АД МЕПСО - Скопје.
- Да се воведе засилен мониторинг во работењето на Службите на АД МЕПСО - Скопје, во процесот на регулирање на финансиските и правните обврски на Балансно одговорните страни, како би се избегнал секој можен ризик од субјективност во одлучувањето на вработените во надлежните компаниски служби. Со измените на Правилата во 2025 година се постигнаа добри резултати во дисциплинирање на Балансно одговорните страни, а се зголеми и приходот по тој основ.

Во доменот на секојдневното административно работење, одредени забелешки и сугестии беа давани од страна на Службеникот за усогласеност, со цел подобрување на ефикасноста во работењето. Потенцирано беше да се внимава во подготовка на точките на Дневен ред на седниците на Управниот Одбор да се избегне менување и додавање на одредени точки на самата седница, како и навремено доставување на материјалите, како би можеле членовите на УО да бидат благовремено информирани. Воедно многу честото менување на плановите за јавни набавки по предлог на службите и подружниците остава впечаток на несодветно и квалитетно планирање што од друга страна асоцира на одредени можни влијанија во делот на приоретизација на потребите за набавка на оделни стоки и услуги за потребите на АД МЕПСО.

Овие забелешки и препораки од извештајот за 2024 година беа прифатени така што во 2025 година има подобрување во делот на организираноста на седниците на НО и УО и утврдување на точки од дневен ред со навремено доставување на материјали за седниците, кое беше строго побарано да се почитува од страна на Претседателите и членовите како на НО, така и на УО.

Како и претходните години се повторуват препораките и во процесот на следење на конечното завршување на unbundling-от, т.е. организациско, материјално и финансиско раздвојување на компаниите од енергетскиот систем како дел од поранешното вертикално организирано Електростопанство. И понатаму останува обврската за физичка поделба на дел од објектите, пред се трафостаници кои се сеуште во заедничко владеење. Во таа насока, останува препораката на Службеникот за усогласеност кон УО да се иницира забрзување на овој процес, со избегнување на поделба на принципот на идеални половини. Потребно е секој објект поединечно да се анализира и согласно фактичката состојба и функционалност, да се предложи модел за секој објект посебно.

Една од поважните препораки која се базира на Политиката на интегритет и усвоениот План за спречување на корупцијата е да се финализира веќе започнатата проценка на ризици од појава на корупција на работните места. Преку анализа на дискрециони права кои може да доведат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службените обврски, овластувања, работните задачи и слично со цел за преземање на мерки за субивање на потенцијалните можности за злоупотреба и коруптивни дејствија што е во согласност со активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Треба да се истакне дека во 2025 година се обезбедија услови за надминување на проблемот со следење, мапирање и усогласување со регулаторни барања во работењето на АД МЕПСО – Скопје, на тој начин што УО на 45 седница под бр.02-6169/13 од 07.11.2025 година донесе Правилник за постапка за следење, мапирање и усогласување со регулаторни барања во работењето на АД МЕПСО – Скопје. Имено, мапирањето на регулативата претставува процес на идентификација, категоризација и редовно ажурирање на релевантни закони, подзаконски акти, регулативи и упатства кои се во делокругот на работењето или имаат влијание врз работењето на АД МЕПСО - Скопје. Процесот вклучува изработка и одржување на централна база на акти, регулативи и прописи која се формира врз основа на претходно пратени преку архива/ скеинрани на е-мејл, добиени акти од Сектори/Подружници во АД МЕПСО и истата ја ажурира и води Секторот за правни и општи работи. Согласно Правилникот секоја организациона единица во Друштвото (Сектор/Подружница) е должна согласно своите надлежности и ингеренции кои се утврдени со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работни места навремено да го известува Управниот одбор на Друштвото, како и Секторот за правни и општи работи и Службеникот за усогласеност за законските, подзаконските и регулаторните акти кои претставуваат основна рамка за нивните работни активности во секојдневно работење, како и за нивната измена и/или дополнување.

На овој начин се воспостави ефективан систем за перманетно усогласување со регулаторни барања во работењето на АД МЕПСО – Скопје, односно редовно ажурирање на релевантни закони, подзаконски акти, регулативи и упатства кои се во делокругот на работењето или имаат влијание врз работењето на АД МЕПСО – Скопје.

Исто така во делот на заштитата на личните податоци УО на 41седница од 04.09.2025 година ја усвои Политиката за воспоставување на систем за заштита на личните податоци бр.02-5036/7-1 со која се обезбедуваат мерки за сигурност при обработка на личните податоци со што се намалува еден од compliance ризиците.

Исто така важно е да се напомене усвоениот Правилник за начинот за користење и објавување на податоци и информации во работењето на АД МЕПСО – Скопје од стрна на УО на 45 седница од 07.11.2025 година со кој се уредува начинот на користење и доставување на повластени податоци и информации за следење на функционирањето на преносот на електрична енергија и управувањето со електропреносниот систем. На овој начин се обезбедува поголема и целосна транспарентност како и недискриминација кон корисниците на електропреносниот систем од аспект на достапност на податоци и информации.

## 5. Заклучоци

Во 2025 година се зголеми ефикасноста и ефективноста на работењето како на Управниот одбор, така и на Надзорниот одбор, иако во 2024 година имаше целосна промена на менаџментот на АД МЕПСО - Скопје сепак искуството од претходната година допринесе за таквата состојба. Гледано во целина како во изминатите така и во 2025 година може да се каже дека сепак успешно се спроведуваа редовните обврски на АД МЕПСО- Скопје во однос на основната дејност на друштвото. Односно може да се констатира дека и во сложени услови, АД МЕПСО- Скопје успешно ги спроведуваше своите активности што обезбеди стабилен и сигурен електропреносен систем. Доследното применување на одредбите од Програмата за усогласеност потврдуваат дека АД МЕПСО - Скопје се стреми кон недискриминаторски и транспарентен начин на работа. Сумирајќи ги ефектите од работењето во изминатата година, може да се искаже одредено задоволство од динамиката на имплементација на обврските кои произлегуваат од Програмата, а сите воочени забелешки од страна на Службеникот за усогласеност се вградени во заклучоците и препораките на Извештајот.

***5.1.*** Спроведување на мерките со кои се спречува дискриминација и нетранспарентност

Во делот на спроведување на мерките може да се заклучи дека со нив се спречува дискриминација и нетранспарентноста така што може да се каже дека сите вработени, како и раководните структури на АД МЕПСО- Скопје со своето однесување и работење покажаа дека се посветени на спроведување на сите мерки кои спречуваат дискриминаторско и нетранспарентно однесување, пропишани со Програмата за усогласеност. Во принцип се реагира на сите забелешки од корисниците согласно пропишаните процедури. Сите информации битни за корисниците на електропреносниот систем редовно и навремено се објавуваат на интернет страната на компанијата. Се превземаат мерки за подобрување на организацијата со што се подобрува координацијата на активностите и се подига нивото на квалитетот на услугите кои се даваат на корисниците на ЕПС.

5.2. Почитување на правилата за однесување од страна на вработените

Општа констатација и заклучок е дека одредбите од Програмата за усогласеност генерално се спроведуваат од страна на вработените во АД МЕПСО при вршењето на редовните активности. Обврската за транспарентност во работењето, како и обврската за чување на комерцијално доверливи податоци се спроведуваат, нема докази и не се забележани прекршувања на тие обврски. Во насока на зголемување на довербата и професионалноста од страна на вработените останува потребата задолженијата и обврските кон вработените да се делегираат во писмена форма (емаил, решенија во хартија и сл.) во согласност со постигнатите стандарди за управување и квалитет кој ги има стекнато АД МЕПСО - Скопје, а никако во усна форма и единствено да се однесуваат на активности и дејствија пропишани во позитивната законска регулатива.
Воедно за да нема сомнеж во работата на стручни лица, а со цел за целосно почитување на правилата за однесување од страна на вработените стручни лица останува потребата да дадат лична Изјава заверена на нотар дека за потребите на постојни и потенцијални корисници на ЕПС на АД МЕПСО немаат право директно или индиректно да даваат информации и податоци или евентуално да учествуваат во подготвка на анализи, студии, проекти и слични документи.

Воедно препорака е покрај постојните модули за едукација кои се општи и се наменети за сите вработени да се воведат три типа на обука и тоа:

- Тип 1 - Почетна (иницијална) обука за нововработени и новоименувани раководни лица со опфат на: основи на compliance, обврски на вработените, кодекс на етика и правила за доверливост и конфликт на интереси.
- Тип 2 - Редовна (периодична) обука најмалку еднаш годишно за вработени кои се рангирани на повисоко работно место за можен ризик од корупција со опфат на: примена на Програмата за усогласеност, забранети практики, обврски при јавни набавки и пријавување неправилности (whistleblowing) и
- Тип 3 - Специјализирана обука наменета за: раководен кадар, вработени во ризични области (набавки, приклучоци, договори, ЈПП), со опфат за управување со конфликт на интереси, недискриминација и пристап до мрежа, антикорупциски мерки, регулаторна усогласеност.

Начин на спроведување на обуките да биде со: присуствено (работилници, презентации), онлајн (e-learning, видео-сесии), преку пишани упатства и водичи, со анализа на конкретни случаи (case studies).

Спроведувањето, следењето и евиденцијата да биде од страна на Службеникот за усогласеност и соодветни стручни лица кои ќе водат листа на обучени вработени со евиденција за датум, тема и траење на обуката.

### *5.3. Начин на следење на Програмата и известување*

Конечно може да се заклучи дека во делот на начинот на следење на Програмата и известувањата по однос на активностите на операторот на електропреносниот систем се врши на организиран и законски утврден начин со што во целост се следи спроведувањето на Програмата за усогласеност. Имено, со актот за систематизација дефинирана е функцијата на Службеникот за усогласеност со дефинирани и утврдени надлежности кои се специфицирани во Правилникот за работењето како и во Договорот за обезбедување на услуги од Службеникот за усогласеност.

Службеникот за усогласеност во рамките на своите овластувања и обврски редовно го следи работењето на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото и активно учествувајќи во носењето на сите поважни одлуки со свои забелешки и сугестии, при што соработката со структурите на Друштвото ги оценува на задоволително ниво во насока на споделување на одговорноста при спроведување на сложени активности и процеси во АД МЕПСО - Скопје.

Следењето на објавувањето на сите важни информации кои се однесуваат во однос на корисниците на електропреносниот систем редовно и навремено се објавуваат на интернет страната на АД МЕПСО, во случај на задоцнето објавување од страна на Службеникот за усогласеност се интервенира и усно и писмено на е-маил да се ажурират и објавуваат податоците.

Во функција на следење на Програмата за усогласеност е зголемена е видливоста на Службеникот за усогласеност во АД МЕПСО кој на системски и организиран начин го следи спроведувањето на Програмата за усогласеност, особено преку организирање на инфо сесии со вработените со презентирање на модул 1, модул 2 и модул3 од Програмата за едукација.

Од страна на Службеникот за усогласеност се следи и квалитативното постапување по поднесените барања во согласност со Законот за пристап до информации од јавен карактер за што се објавува листа на информации класифицирани во оваа категорија.

Сите наведени наоди, препораки и заклучоци кои се дадени во Извештајот се само еден дел кои се произлезени од активностите кои се спроведуваа во 2025 година, а кои дадоа свој придонес во функција на поголема транспарентност и ефикасност во работењето на АД МЕПСО - Скопје.

Во Скопје,
29.01.2026 година

**Службеник за усогласеност на АД МЕПСО**
**Д-р Саша Максимовски**